CSOPartnership for Development Effectiveness

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС >> 25 ГОДИНИ

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА 2017

Скопје, 2018

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА 2017

Симона Огненовска
Симона Трајковска

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА 2016**

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Авторки:**
Симона Огненовска
Симона Трајковска

**Лектура:**
Даниел Медароски

**Дизајн:**
Кома

**Печати:**
Боро графика

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.344.5(497.7)(047)

ОГНЕНОВСКА, Симона
Извештај за овозможувачката околина за граѓанското општество во Македонија [Електронски извор] : 2017 / [автори Симона Огненовска Симона Трајковска]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2018

Начин на пристап (URL): https://www.mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 55 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 24.04.2018. - Публикацијата е во рамки на проектот: Следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество

ISBN 978-608-4848-06-6
1. Гл. ств. насл. 2. Трајковска, Симона [автор]
а) Граѓанско општество - Развој - Македонија - Извештаи COBISS.MK-ID 107038474

**Наслов на проектот:** **Следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество**

**Контакт**
Адреса: МЦМС, „Никола Парапунов“ бр. 41А, п.фах 55, 1060 Скопје
Телефон: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298
Електронска пошта: mcms@mcms.mk; Web-page: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/mcms.mk
Slideshare: http://www.slideshare.net/mcms.mk
Твитер: http://twitter.com/mcms.mk
Фејсбук: http://www.facebook.com/mcms.mk

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.
Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжението. Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.
Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk.

Проектот е финансиран од Центарот за градење партнерства со граѓански организации-ЦПДЕ

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........................................................................ 6

МИСЛЕЊЕ ЗА „ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКА
ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО“ .................................. 8

1. МАТРИЦА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА
ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ............................................. 12

2. МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................ 14

3. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ОКОЛИНАТА ВО КОЈА
ДЕЈСТВУВАШЕ ВО 2017 ГОДИНА ............................................................ 16

4. НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО ................................................................. 20

ОБЛАСТ 1. ОСНОВНИ ПРАВНИ ГАРАНЦИИ ЗА СЛОБОДИТЕ ..............................21

Подобласт 1.1. Слобода на здружување ........................................................21

ПРЕПОРАКИ....................................................................................26

Подобласт 1.2. Други поврзани слободи ........................................................26

ПРЕПОРАКИ....................................................................................31

ОБЛАСТ 2. РАМКА ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО ...............................32

Подобласт 2.1. Даночен/ фискален третман за граѓанските организации
и нивните донатори..............................................................................32

ПРЕПОРАКИ....................................................................................33

Подобласт 2.2.Поддршка од државата...........................................................34

ПРЕПОРАКИ....................................................................................40

ОБЛАСТ 3.ОДНОСОТ МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ...........................41

Подобласт 3.1. Рамка и практики за соработка ...............................................41

ПРЕПОРАКИ....................................................................................42

Подобласт 3.2. Вклученост во процесите на креирање политики
и донесување одлуки..............................................................................42

ПРЕПОРАКИ....................................................................................46

ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ
ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (ЦОР) ...................................46

ПРЕПОРАКИ....................................................................................49

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| БТД | Балкански фонд за демократија |
| БЦСДН | Балканска мрежа за развој на граѓанското општество |
| ВМРО -ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство |
| ФООМ | Фондација Отворено општество – Македонија |
| АДИ | Асоцијација за демократски иницијативи |
| ЦГК | Центар за граѓански комуникации |
| ЕБР | Единица за брзо распоредување |
| ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас Цивилис |
| СПУКМ | Студентски парламент на Универзитетот Св. Кирил и Методиј |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| ЗЈС | Закон за јавен собир |
| СДЦ | Швајцарска канцеларија за развој |
| ИЦНЛ | Меѓународен центар за непрофитно право |
| ГО | Граѓанска организација |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДЗС | Државен завод за статистика на Република Македонија |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописите на Република Македонија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕЦНЛ | Европски центар за непрофитно право |
| ЗДД | Закон за данокот на добика |
| ЗДСЈД | Закон за донации и спонзорства во јавните дејности |
| ЗЗФ | Закон за здруженија и фондации |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграција |

| | |
|---|---|
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МЦМС** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОВП** | Отворено владино партнерство |
| **ПВР** | Процена на влијанието на регулативата |
| **ПРАГ** | Практички насоки за договорените процедури за сите европски надворешни активности |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| **СЈО** | Специјално јавно обвинителство |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **ССРД** | Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор |
| **ТАКСО** | Проект за техничка помош на граѓанските организации |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи на Република Македонија |
| **УНХЦР** | Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| **УСАИД** | Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави |
| **ЦРМ** | Централен регистар на Република Македонија |
| **ЦФСД** | Сектор за централно финансирање и склучување договори во Министерството за финансии |

# МИСЛЕЊЕ

## ЗА „ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО“

Сметам дека се работи за мошне корисен, сеопфатен и аналитички текст кој темелно ги анализира сите релевантни аспекти од работењето на граѓанските организации во Република Македонија. Очекувам да биде искористен во понатамошните планови за оптимален развој на граѓанското општество во Република Македонија.

Авторите, со право, утврдуваат дека методолошкиот пристап има свои ограничени начини на собирање на потребните информации (одредливост на примерокот, одговори од релевантните актери, односно нивна реална активност или неактивност и сл.) кои може да влијаат врз сознанијата на кои се темели добиениот пресек и сликата за состојбите. Сепак, и тие во формата во која се сумирани и презентирани ни дозволуваат да се стекнеме со извесен реален впечаток за состојбите кои ја прикажуваат овозможувачката околина во која дејствуваат граѓанските организации. Ако се земе како параметар искажаната макар и минимална годишна активност на граѓанските организации, може да се смета дека Република Македонија реално има 6.000-7.000 граѓански организации. Добиените резултати се однесуваат претежно на 2017 година, но се опфаќаат и состојби кои подолгорочно влијаеле на домашната овозможувачка околина.

Можам да се согласам и со констатацијата дека граѓанското општество во истражуваниот период продолжи да работи во **релативно овозможувачка** околина. Истовремено, шансите за подобрувања на определени состојби кои се обележани како проблематични, несоодветно законски или подзаконски уредени, или пак недоволно посочени преку постојните стратешки документи за областа, сметам дека се поповолни во сегашноста во однос на минатиот период. Најавените развојни трендови, кои се наедно и оценка во меѓународните извештаи, даваат надеж дека и во иднина оваа клима на приемчивост и можност за општествена демократизација меѓу сите вклучени актери ќе продолжи да постои.

Можност за подобрување и продлабочување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор е актуелниот процес на носење на **Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020**, која е во тек на подготовка. По нејзиното усвојување, ќе следува креирање механизми за нејзино спроведување во практиката. Во овој контекст е и воспоставувањето на **Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор** за кој процес прифатени се сугестиите и препораките на секторот, како и изразената волја за системско вградување на приоритетите на проектот **Блупринт** за итни демократски реформи. Своја улога во овој процес има и Планот 3-6-9 во оној дел кој се однесува на соработката со граѓанскиот сектор и приоритетите изразени од него.

Во Извештајот опфатени се и сите аспекти и оценка на системско уредување на *трите слободи кои се иманентно врзани со граѓанското организирање: слободата на здружување, слободата на мирно собирање и слободата на изразување*.

Во рамките на истражуваната година, забележан е смирувачки и подобрувачки тренд по овие права. И по однос на судските постапки покренати против новинари од аспект на ограничување на слободата на изразување е намален тој тренд. Социјалните медиуми, и покрај понекогаш хаотичните текови и какофонијата, сепак беа простор за изразување и за демократска атмосфера. Стивната е негативната кампања против определена група граѓански организации (што не значи дека е сосема исчезната).

Во текот на 2018 година веќе се донесени определени законски измени (на пример по однос на употребата на средствата за физичка присилба од страна на МВР) кои би можеле да влијаат врз правото на

собирање. Но, би сакала да наведам една генерална мисла која се однесува на некои актуелни законски решенија кои ги уредуваат овие три области, но и други области, а за кои граѓанскиот сектор изградил став дека можат да се третираат како дискутабилни. Упатувам на темелна анализа за евентуалните замислени промени, имајќи предвид дека порано некои навидум неутрални одредби се применувале за време на претходната власт како лостови за притисок и лоцирање на евентуално неосновани обвиненија и постапки. Но, во времиња кога власта дава импулс за поинакво функционирање кое е повеќе во склад со принципите на едно демократско општество, истите тие одредби, кога се применуваат во изменет контекст и нивното значење се гледа од друг аспект, можат да бидат брана од, на пример, определени субверзивни дејствија против државата, но и пошироко. Може да се случи во некои ситуации прашањето да е повеќе до одговорна и демократски настроена власт која ја креира таквата клима во општеството, отколку да е тоа до самата одредба како таква.

Ваков пример би  можел да биде законската обврска граѓанските организации да доставуваат годишни финансиски извештаи за нивната работа до Централниот регистар на Македонија, одговорност на надлежното лице на организацијата ако не го извести Регистарот за извршени промени во организацијата, казни за организациите кои не спроведуваат дејствија и активности во согласност со целите кои ги предвиделе во сопствените акти, кои информации би се сметале за неопходни да се достават до МВР за организација на јавен собир, а кои не, и слично. Друг посериозен пример е злонамерното искористување на законските ингеренции на инспекциите како основа за притисок на цела една група ГО, дејствие што беше придружено со агресивна медиумска пропаганда. Ако се анализираат од денешна перспектива истите законски одредби и како би биле тие актуелно применувани, во случаи на реални сомнежи за незаконито финансиско работење на некоја организација, состојбата би била можеби поинаква. Од овие причини, општествениот контекст во кој работат надлежните органи е мошне важен, бидејќи нормативниот инструмент останува ист.

Друга група одредби кои би биле идентификувани и кои неопходно би требало да бидат ревидирани се оние кои се премногу општо поставени, а со тоа дозволуваат дискреција во постапувањето на државниот орган по нив. Отсуството на квалитетна норма според која јасно би можеле да се осознаат правата и должностите на секој вклучен субјект, претставува отсуство на принципот на владеење на правото. Овој проблем би морал сериозно да се посочи.

Димензијата на финансирањето и финансиското работење на граѓанските организации претставува област во која перманентно се идентификуваат истите проблеми. Затоа и самата анализа потврдува дека финансиската околина е **непроменета и неповолна**. И покрај определени подобрувања во даночната рамка, проблемот со финансиската одржливост на организациите е акутен. Дополнително, особено за помалите граѓански организации кои не прикажуваат позначителен обрт на средства, финансиското известување и сложените постапки претставуваат товар. Забелешка е неможноста да се поднесе жалба против даночните управни акти, освен директно поведување управен спор. Најверојатно ова ново законско решение се должи на потребата од забрзување и поедноставување на постапките, но треба посебно да се анализира неговата целисходност.

Зголеменото финансирање од страна на државата не треба да биде цел само за себеси, туку да се поттикнува како резултат на оригинални идеи и умешност за реализација кои најквалитетно можат да ја понудат само граѓанските организации. Треба да се овозможи државно финансирање засновано на јасни критериуми со што ќе се избегне неосновано поддржување по автоматизам секоја година за исти организации, а со тоа да се направат дел од граѓанските организации зависни и комотни, а од друга да ја затапи нивната критичка острица кон државните политики, и тоа тогаш кога треба да ја исполнат.

Странското финансирање на граѓанските организации (60% од анкетираните) исто така создава една зависност од тие фондови која може да се каже дека ги истакнува потребите и ја обезбедува подолгорочната одржливост на организациите. Од друга страна, тоа сепак ги определува приоритетните насоки, кои се утврдени првенствено од самиот донатор, а не определени автохтоно.

Во случај на заживување на економските текови во државата, сметам дека на граѓанските организации ќе им се отвори ново, пошироко поле на дејствување каде би можеле да си го најдат своето место, целта и експертизата. Зајакнатиот приватен сектор може да

биде новиот извор на финансирање и дејствување од аспект на општествено одговорни субјекти.

Економските активности на самите граѓански организации досега не прикажаа своја зголемена динамика. Потребно е да се направи посебна продлабочена анализа за ова прашање, да се види кои законски и системски околности дејствуваат посебно дестимулирачки во оваа насока. Овде е воочена нееднаквост по однос на оданочувањето на данокот на добивка, споредено со малите трговци и микротрговци.

Потребно е и понатаму да се работи на развивање на транспарентноста на граѓанските организации, како по однос на активностите, така и по однос на нивните финансии. Овој пристап ќе придонесе кон поправање на вкупниот впечаток или спинување во јавноста околу улогата и целите на граѓанските организации во едно општество.

Учеството во процесот на донесување одлуки на национално и на локално ниво е особено важно и иманентно на природата на граѓанските организации. Застапувањето на нивните програмски определби и цели преку учеството во дебати, формулирање нормативни решенија и промовирање политики се можеби најиманентниот дел на граѓанското организирање за да внесат општествени промени. Од овој аспект е важно механизмите кои веќе постојат, редовно да бидат употребувани (на пример јавни расправи за закони, а не скратена постапка, консултации на ГО со владата, собраниските комисии и локалните власти) и по потреба да се создаваат нови.

Проф. Д-р. Наташа Габер-Дамјановска

# 1. МАТРИЦА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

# МАТРИЦА

## ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

МЦМС се стреми да придонесе со една од повеќето долгогодишни цели кон создавање на вкоренето и динамично граѓанско општество, кое активно влијае на јавните политики. Затоа и постоењето овозможувачка околина која го поддржува функционирањето и развојот на граѓанските организации е во фокусот на работењето на МЦМС и е дел од неговите стратешки определби.

Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество за прв пат беше подготвен во 2013 година, и претставува прв од ваков вид. Следењето се заснова на матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, развиена од претставници на организации членки на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), со поддршка на Извршната канцеларија на БЦСДН и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ).

Целта на матрицата е да се дефинираат оптималните услови кои се потребни граѓанското општество да функционира на ефективен начин и да се развива, како и да се обезбеди реална рамка која би била следена и спроведувана од државата и нејзините органи.

Матрицата за следење се заснова на главните принципи и стандарди чие постоење е суштинско за околината во која се активни граѓанските организации да биде поддржувачка и овозможувачка. Формулирањето на принципите, стандардите и индикаторите го зема предвид тековниот степен на развој и спецификите на земјите на Западен Балкан и на Турција и се засноваат на меѓународни загарантирани слободи и права и најдобрите регулаторни практики на ниво на Европската Унија и европските земји.

Составена е од три главни области: (1) Основни загарантирани законски слободи; (2) Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации; (3) Односот меѓу Владата и граѓанските организации, кои понатаму содржат подобласти. Областите се дефинирани според клучни принципи кои се понатаму елаборирани со специфични стандарди. Со цел да се овозможи граѓанските организации, донатори и други засегнати страни во земјата да ја следат овозможувачката околина и нејзината примена во пракса, стандардите се дообјаснети низ индикатори. Индикаторите се дефинирани за да се следи состојбата со законодавството и како тоа се спроведува во практика, земајќи превид дека предизвикот е во неговото спроведување.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

# МЕТОДОЛОГИЈА

Следењето на овозможувачката околина го опфаќа периодот од јануари до декември 2017 година. Во петтата година од следењето на околината, во фокус се 10 стандарди од вкупно 24, а опфатени се вкупно 87 индикатори кои се однесуваат на законодавството и праксата. Преполовеното следење на станадрдите беше во насока на прибирање на длабински податоци и анализа на оние аспекти од околината во кои граѓанското општество се соочи со најголеми предизвици во текот на годината.

Следењето се спроведе со користење веб-прашалник како инструмент за прибирање примарни податоци, развиен од 2015 година во системот на www.limesurvey.org. Прашањата пред сè го мерат искуството на организациите, а има и прашања кои ја мерат перцепцијата. Бидејќи во 2017 година се следеа дел од индикаторите, ова соодветно се одрази на намалување на прашањата во веб-прашалникот. Прашањата пред сè го мерат искуството на организациите, а има и прашања кои ја мерат перцепцијата. Веб-прашалникот беше директно испратен преку електронскиот систем за анкети на 2 февруари 2018 година на повеќе од 3.500 регистрирани ГО според регистарот на здруженија и фондации од 2015 година. Добиени беа одговори од 161 организација регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.

Во извештајот, вкупниот износ на сите одговори во одделни графикони е поголем/помал од 100%, заради заокружување на цел број во поединечните проценти на одговорите, за поедноставување на претставувањето на резултатите. Исто така, во некои графикони каде што одговорите се мало малцинство од целиот примерок, а нивната анализа е клучна за разбирањето на условите во кои работи граѓанското општество, се користат бројки наместо проценти.

Извештајот е главно заснован на анализа на секундарните извори на податоци. Се користеа документи од постоечкото законодавство, кои се однесуваат на граѓанското општество, локални извештаи и истражувања на ГО, меѓународни организации и органи на државната управа, меѓународни извештаи и истражувања кои се однесуваат на Македонија и Интернет портали и блогови.

## МЕТОДОЛОШКИ ОГРАНИЧУВАЊА

Прибирањето податоци за подготовка на извештајот за овозможувачка околина од секундарни и примарни извори на податоци, беше проследено со одредени ограничувања.

Пред се, одредувањето на репрезентативен примерок на организации за прибирање на примарни податоци е предизвик. Добивањето на ажурирана листа на организации кои се регистрирани во ЦРМ се наплатува. Дополнително, регистарот на здруженија и фондации не нуди можност за утврдување на активни и неактивни организации, ниту пак е детално пречистен од други органиацискi облици кои не се предмет на анализа. Согласно ова, преку веб-прашалникот се добиени одговори од ограничен број организации, кои се регистрирани во ЦРМ до 2015 година и оние кои имаат пристап до интернет.

Понатаму, одговорите добиени од веб-прашалникот за искуствата на ГО не се проверени и споредени со фактичката ситуација. Исто така, ГО не ги поткрепија сите одговори со соодветни примери и факти, што е разбирливо, имајќи ја предвид чувствителната природа на дел од прашањата. Дел од дадените примери на испитаниците во отворените прашањата секогаш не се во насока на поткрепа на дадениот одговор на затвореното прашање.

Во однос на обезбедување секундарни извори на информации, и понатаму ограничување претставува отсуството на објавување документи и информации од јавен карактер од страна на органите на државната управа.

# 3. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ОКОЛИНАТА ВО КОЈА ДЕЈСТВУВАШЕ ВО 2017 ГОДИНА

# 3. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ОКОЛИНАТА ВО КОЈА ДЕЈСТВУВАШЕ ВО 2017 ГОДИНА

Граѓанското општество дејствуваше во релативно овозможувачка околина. Политичката криза продолжи да влијае врз граѓанското општество и по одржувањето на парламентарните избори од декември 2016 година, сè до формирањето на новата влада на крајот на мај 2017 г. Во 2017 г. евидентни се две различни полугодија во политичкиот контекст кој се одрази на граѓанските организации, односно првите шест месеци во кои доминираа инспекции, внатрешни контроли и мешање на државата во работењето на организациите, и периодот од јули до декември во кој преовладуваше отвореноста на институциите и вклучувањето на граѓанските организации во процесите на креирање политики.

Граѓанските организации со поддршка на меѓународната заедница се организираа и го подготвија реформскиот документ „Патоказ за развој на граѓанското општество" во кој се опфатени детални препораки и системски мерки за одржлив граѓански сектор: вклучување во креирање политики, државно финансирање на ГО, правна и фискална поддржувачка околина за одржливост на ГО; вклученост на ГО во соработката со институциите, граѓаните, бизнис-секторот, вмрежување, добро управување и зголемување на довербата во ГО.[1]

Новата влада особено се заложи за подобрување на институционалната рамка и политиките за соработка и развој на граѓанскиот сектор. Од јули до декември 2017 г., беа организирани консултации за подобрување на предлог-одлуката за формирање на Советот за соработка со граѓанските организации, процес кој беше исклучително партиципативен и ги зеде предвид сите барања на граѓанските организации. Исто така, на крајот на декември беше отпочнат и процесот за подготовка на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

1 Патоказ за развој на граѓанското општество 2018-2022; Достапно на: https://goo.gl/yuX6Ra.

Основните слободи (слобода на здружување, собирање и изразување) се законски гарантирани и усогласени со меѓународните и европските закони. Меѓутоа, нивното спроведување во практика останува да биде предизвик како и во претходните години. Во 2017 г. забележани се значителен број индиректни видови притисоци, инспекции и оптоварувања во практика од страна на институциите. Инспекциите на организациите кои започнаа по парламентарните избори на крајот од 2016 година, продолжија и во текот на годината. Контролите ги водеа Управата за јавни приходи и Финансиската полиција во 22 невладини организации со цел увид во нивното финансиско работење и изворите на финансирање[2]. Сите организации кои средствата за своето работење ги обезбедуваат од Фондацијата Отворено општество, како и од УСАИД и странски амбасади, беа под надзор на контролата. Спроведените контроли и инспекции за 21 граѓанска организација завршија на крајот од изминатата година без да се открие какво било незаконско постапување на ГО.

Слободата на собирање остана законски гарантирана. Меѓутоа, предложени се измени во Законот за јавни собири и во Законот за полиција (во однос на средствата за разбивање толпа и видеонадзор), кои не се усогласени со законодавството, но и природата на дејствување на граѓанското општество и тие продолжуваат да претставуваат закана за правото на мирно собирање. Во практика, релативно опадна практикувањето протести и јавни собири. Изолираниот случај со упадот во Собранието од страна на демонстрантите кои употребија насилство и фактот дека полицијата не се справи соодветно, покрена за-

2 Во периодот на пишување на извештајот, министерот за внатрешни работи одржа средба со организациите кои беа под истрага на барање на Државната изборна комисија за спречување корупција, ,каде ги информирал дека истрагата е затворена бидејќи не биле обезбедени докази за да се потврдат сомнежите кои биле предмет на криминална обработка. Достапно: https://goo.gl/pJgros.

гриженост во однос на професионалноста и политизираноста на институциите.

Покрај протестите на платформата „За заедничка Македонија", кои подоцна продолжија со барање за амнестирање на притворените учесници за упадот во Собранието[3], се зголеми практикувањето непосредна демократија, граѓански иницијативи и протести против изградба на рудници за минерали и злато во југоисточниот дел на Македонија. Овие протести беа значајни бидејќи резултираа со закажување референдуми на локално ниво во Гевгелија, во Дојран, во Валандово, во Богданци и во Босилово.[4] Иако дел од референдумите беа успешни, сепак не престанаа активностите за изградба на рудниците, бидејќи општинските власти не ја донесоа потребната одлука.

Во практика, иако слободата на изразување не е ограничена за ГО, тие сепак наведуваат дека се соочуваат со индиректни притисоци поради изразените ставови и често применуваат самоцензура. Регистрирани беа сериозни поткопувања на слободата на изразувањето и медиумите, а продолжи и трендот на зголемување на ограничувањето на слободата на говорот кон новинарите. Граѓанското општество сè уште се соочува со медиумски напади и навреди, особено на социјалните медиуми (Фејсбук и Твитер), како и во дел од традиционалните сега веќе опозициски медиуми.

Финансиската околина на граѓанското општество во Македонија остана речиси непроменета, што за ГО значи неповолна околина за неговото дејствување и развој, како и ограничување на потенцијалот. Предизвиците со кои се соочуваа ГО во претходните години продолжија да ја оптоваруваат работата на ГО и делумно да го ограничуваат нивниот потенцијал за раст. Околината во која дејствуваат ГО делумно се подобри со измените во даночната рамка и измените на Законот за персонален данок на доход, сепак останува потребата од измени и во клучните даночни закони кои ја регулираат работата на ГО (Законот за данок на добивка, Законот за сметководство на непрофитните организации, Законот за спонзорства и донации во јавните дејности, Закон за даночна постапка и др.). Директната буџетска поддршка за ГО продолжува да биде потенцијално значителен извор на финансирање за граѓанскиот сектор, но сепак реформите за подобрување на транспарентоста ѝ се неопходни со цел обезбедување одржливост. Освен ова, сè уште не е донесена законски обврзувачка одлука да се регулира транспарентноста на процедурата за распределба на државни средства за ГО.

Интензивираната соработка со ГО продолжи и на 13 јули 2017 година, кога Одделението за соработка со невладините организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија одржа консултативен состанок со претставници на ГО за ревидирањето на Одлуката за формирање совет за соработка помеѓу Владата и Секторот за граѓанско општество. Дел од ГО кои упатија јавна реакција за запирање на процесот за избор на претставници од граѓанското општество во советот подготвија препораки и измени од една страна во однос на административно техничките елементи на одлуката, но и препораки за подигнување на транспарентноста и отчетноста при спроведување на изборот на претставниците. Значителен напредок бележи и фактот дека речиси сите предлози на ГО беа прифатени кога одлуката беше ревидирана.

За унапредување на вклученоста на организациите во консултативните процеси, изменети беа роковите потребни за консултации на ЕНЕР од 10 на 20 денови, со што на организациите им се олесни можноста за поактивно вклучување. Имајќи предвид дека настана пренос на власта, вклученоста на граѓанските организации во практика, и покрај подобрувањата, и понатаму е ниска. Откако се формираше новата Влада на 31 мај 2017 г., на Седница на собрание беа разгледани 116 прописи. Од нив 36 закони беа на предлог на пратеници, 1 граѓанска иницијатива, 13 ратификации и 66 нацрт закони на предлог на надлежни министерства. Обврска за консултации со јавноста односно поставување на предлог измените на ЕНЕР имаат само министерствата. Од 66 разгледани закони, 53 нацрт-закони (80%) беа објавени и беа предмет на електронски консултации. Во скратена постапка беа усвоени речиси една третина од овие закони (28% или 19 закони). И покрај законската обврска за обезбедување на електронски консултации со јавноста, сепак за 13 од оние кои биле објавени

3 Макфакс (2017) „За заедничка Македонија" не гледа причина од присуство на полиција на протестите; Достапно на: https://goo.gl/2FHRrJ.

4 Нова ТВ (2017) Професорот Шкариќ за рудниците: Ерупција на локалните референдуми; Достапно на: https://goo.gl/L7yu1d.

електронски (25%) не бил испочитуван минималниот рок за консултации од 20 дена.

Одржливоста и натаму претставува клучен предизвик, што воедно се потврдува и со одговорите на граѓанските организации. Повеќето организации (64%) поднеле само изјава/одлука, што значи дека нивните буџети се под 2.500 евра, додека скоро половина (42%) располагале со буџет помал од 5,000 евра. Само четири организации имаат буџет кој што се движи од 500.000 до 1 милион евра.[5]

ЦРМ во текот на 2016 година согласно националниот акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година, за прв пат објави основни податоци за граѓански организации (број на регистрирани организации, број на организации избришани од регистарот, и финансиски податоци како вкупно поднесени годишни сметки и известувања за деловна активност, вкупни приходи и расходи, и број на вработени) по плански региони во Македонија. Сепак, продолжува предизвикот од навремено и прецизно објавување на корисни податоци кои даваат реална слика за регистрираните здруженија и фондации. Според, објавениот документ со основни податоци за 2016 година, завршни сметки или изјави поднеле 6.762 организации, кои реализирале вкупни приходи од 9.363.257.673 МКД и 7.334.493.339 МКД расходи.[6]

5 Податоците се добиени од одговорите на граѓанските организации на прашалникот за Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанските организации во 2017 г.

6 Значителната разлика во износот на вкупни организации кои доставиле завршни извештаи и изјави за 2016 г, како и нивните вкупни приходи и расходи споредено со бројките во минатите извештаи на МЦМС, се должи на различните критериуми употребени од страна на ЦРМ во обезбедувањето на податоците. Имено, износите за 2016 година во овој извештај се однесуваат на организациите регистрирани во рамки на Облик 10. Општествени организации, фондации и здруженија, додека во минатите извештаи на МЦМС се опфатени истите, со додаден критериум приоритетна дејност 94 од трговски регистар.

# 4. НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО

# 4. НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО

## ОБЛАСТ 1.

## ОСНОВНИ ПРАВНИ ГАРАНЦИИ ЗА СЛОБОДИТЕ

### ПОДОБЛАСТ 1.1.

### СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ

#### *МЕШАЊЕ НА ДРЖАВАТА ВО ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ*

Независноста во управувањето, определувањето на целите и дејностите на граѓанските организации е загарантирана со членот 10 од Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ)[7]. Сепак, во законот нема одредба за заштита од мешање во работењето на здружението од трети страни, односно државата. Сè уште, Кривичниот законик претставува потенцијална закана по слободата на здружување. Имено во член 122, за службено лице - сторител на кривично дело се смета и овластеното лице - застапник на здружение или фондација, односно самите здруженија со статус на правни лица подлежат на законските одредби од овој закон.

Во изминатиот период беше забележано индиректно мешање во работата на граѓанските организации, кога 21 граѓанска организација се најдоа под засилен надзор и истовремени инспекции од страна на Финансиската полиција и Управата за јавни приходи (УЈП), а по налог на Јавниот обвинител и иницирано од страна Државната комисија за спречување корупција. Контролите беа насочени кон организации кои работат на заштита на човековите права и демократизација на македонското општество и во повеќе наврати јавно истапија против политиките на тогашните владејачки политички партии. Овие граѓански организации, заедно со уште неколку, учествуваа во предизборната граѓанска кампања „Ние одлучуваме“, чија цел беше покренување на свеста за правилата на изборниот систем, како и поттикнување на граѓаните да гласаат според сопствените убедувања, и покрај политичките стравови.

На иницијатива на ГО, во Патоказот за развој на граѓанските организации се содржани и предлози во насока на зголемена транспарентност, отчетност и саморегулација на ГО, што перспективно би водело до намалување на мешањето од страна на државата во работата на граѓанските организации. Имено, еден од предлозите е и изработување кодекс на добри практики за управување на ГО, прирачник за управување, менторски активности за усогласување, како и надзорно тело за примена на кодексот. Предвидената мерка би придонела кон развиен саморегулирачки механизам за добро управување на ГО. [8]

#### *ОБВРСКИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ КОН ДРЖАВАТА*

Со ЗЗФ се утврдува обврската на граѓанските организации регистрирани во РМ да ги изготват годишните финансиски извештаи и да ги достават до надлежниот орган, односно до Централниот регистар на Република Македонија. Покрај тоа, ГО се должни на својата веб-страница да ги објават или на друг соодветен начин (на пр. објавување во дневен весник) да ги направат достапни до јавноста годишните извештаи за нивното работење и годишните финансиски извештаи најдоцна до 30 април за претходната година. Потребата Законот за сметководството за непрофитни организации[9] да се прилагоди на конкретните

7 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/10 и 135/11).

8 Патоказ за развој на граѓанското општество 2018-2022; Достапно на: https://goo.gl/yuX6Ra.

9 Закон за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015).

карактеристики на работата на ГО беше нагласена во Стратегијата за соработка,[10] но до нејзиното важење, не беа преземени активности за подобрување на финансиското работење на ГО.

Финансиското известување на ГО се регулира со Законот за сметководството на непрофитните организации од 2003 година. Покрај тоа, финансиското работење е регулирано и со неколку подзаконски акти: Правилникот за сметководството на непрофитните организации[11], Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[12], Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[13] и Правилникот за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот на државната евиденција[14].

Според анализата која ја подготви здружението Конект во 2017 г. половина (53%) од граѓанските организации користат надворешно сметководство поради сложените постапки. Во таа насока се и одговорите на третина (31%) ГО на прашалникот за потребите на овој извештај кои сметаат дека Законот за сметководство на непрофитните организации и подзаконски акти создаваат конфузија во нивната примена[15]. Во анализата на Конект е разработена функционалноста на законските решенија, кои веќе долго време не се во согласност со карактеристиките на граѓанското општество. Пред се нагласена е потреба од подобрување и усогласување на административните барања во делот на водење помошни книги, методи на прибирање на збирни информации за вредноста на граѓанскиот сектор, дополнување на содржината и формата на сметководствениот план, утврдување на критериумот за „микро" организации со профити под 2.500 евра, како и на големи организации за кои е предвидена обврска за ревизија на финансиските извештаи.

### *ИНСПЕКЦИИ И ПРИТИСОЦИ*

ГО можат да бидат предмет на надворешна контрола од овластени тела како инспекторати, организациски единици во други органи на државната управа и организациски единици во единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, и други кои имаат инспекциска надлежност. Освен ова, ако ГО користат државни средства, можат да бидат опфатени со Законот за финансиски инспекции на јавниот сектор[16].

Инспекциите и контролите што беа спроведени над 22 граѓански организации во периодот од декември 2016 до мај 2017г., укажаа на законски пропусти, кои го загрозуваат работењето на организациите. Следствено група граѓански организации МЗМП, ИЧП, Коалиција Сите за правично судење подготвија анализа со препораки кои прозилегоа од слабостите утврдени како последица на спроведените инспекции. Клучни пропусти кои беа нагласени се следните: непрецизно употребен термин непаричен приход т.е. презицирање дали хотелско сместување и превозни услуги се третираат како примања во натура, како и непрецизно уредување на опфатот на овластувања на јавниот обвинител во предистражна постапка, непостоење на рок во кој треба да се заврши даночната контрола, неусогласеност на овластувањата на финансиската полиција со утврдените со Законот за кривична постапка, како и отсуство на јасна дефиниција на правните и фактички односи меродавни за оданочување па согласно тоа и предмет на надворешна контрола.[17]

Во практика, врз основа на одговорите на ГО на прашалникот, случаите на мешање на државата во нивната работа е незначително намалена. Седум од ГО кои ги дадоа своите одговори на прашалникот наведоа дека се соочиле со посета на ненајавени инспекции, а исто толку и дека се соочиле со упад во

10 Влада на Република Македонија (2012) Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) [интернет] Скопје, Влада на Република Македонија. Адреса: http://goo.gl/vv3xNg.

11 Правилник за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на РМ" бр. 42/03, 8/09, 12/09 и 175/11).

12 Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на РМ" бр. 117/05 и 11/06).

13 Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на РМ" бр. 117/05).

14 Правилник за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот на државната евиденција („Службен весник на РМ", број 2/08, 39/10, 13/11, 9/12 и 101/14).

15 Конект (2017) Анализа на Законот за сметководство на непрофитни организации;

16 Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/2013, 43/2014 и 153/2015).

17 МЗМП, ИЧП, Коалиција Сите за правично судење (2017) Како до подобра законска регулатива која ќе ги заштити граѓанските организации од арбитрарни инспекции и контроли во областа на даночното работење; Достапно на: https://goo.gl/jnuRCV;

**ГРАФИКОН 1.**
Дали Вашата организација се соочила со следниве ситуации?




просториите на нивната организација. Со претерани административни барања се соочиле 23% од ГО, а 11% со нелегитимни напади врз нивната работа.

ГО во одговорите на прашалникот наведоа дека ги искусиле следниве случаи како вид на индиректен притисок: медиумски напади и лажни вести за организацијата, посети од финансиска полиција, упади во организацијата од страна на непознати лица, ограничени можности кои беа поддржани од владата како стимулативни мерки за ГО, прекумерни барања на документација (статути на основачки организации и нивни други документи) од страна на банки за отворање сметка за проекти на ЕУ, недостапност на информации и сл.

Како што е наведено погоре, во периодот од декември 2016, па се до мај 2017 г., 22 граѓански организации беа предмет на интензивна надворешна контрола од страна на Управата за јавни приходи (УЈП)[18]. Во анализата на организациите на искуството од испекциите, утврдени се повеќе неправилности во практика од страна на органите на државна управа[19]. Имено, даночните инспектори спроведоа контрола над финансиската документација во просториите на организациите, без известување во кое својство. Понатаму инспекцијата беше прекумерна имајќи предвид дека предмет на инспекција биле и програмските докуметнти, а периодот на инспекција бил пет години наназад.

За времетраењето на инспекциите, медиумите кои беа перцепирани како блиски до поранешната владеачка партија (ВМРО ДПМНЕ), заедно со иницијативата Стоп операција Сорос (СОС), водеа кампања против Фондацијата Отворено општество Македонија која е поддржана од Фондацијата на Џорџ Сорос, граѓанските организации, активистите, УСАИД, и др. Според истражувањето на НВО Инфо центар, во првата половина на 2017 г. 76% од објавуваните содржини (во просек 7 прилози дневно), биле во контекст на потребната „десоросоизација на граѓанските организации. [20]" По формирањето на Владата предводена од СДСМ, интензитетот на написи и прилози драстично се намалил (во просек 2 текста дневно), но медиумските напади преку традиционалните медиуми продолжија[21].

Спроведените контроли и инспекции за 22 граѓански организации завршија на крајот од изминатата година.

## *САНКЦИИ И ЗАТВОРАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ*

Во Македонија, ЗЗФ одредува бројни претпоставки и критериуми за затворање на една организација[22].

18 Global Voices Ad vox (2017) Macedonia's Ruling Party Is Draining Civil Society Groups' Time—and Money; Достапно на: https://goo.gl/w3DU9v;

19 МЗМП, ИЧП, Коалиција Сите за правично судење (2017) Како до подобра законска регулатива која ќе ги заштити граѓанските организации од арбитрарни инспекции и контроли во областа на даночното работење; Достапно на: https://goo.gl/jnuRCV;

20 НВО Инфо Центар (2017) „Десоросоизацијата" во медиумите, Мониторинг на 16 медиуми, март – ноември 2017; Достапно на: https://goo.gl/dngMYD;

21 Ibid.

22 Согласно членот 64 од ЗЗФ, потребно е да постои судска одлука во која ќе бидат утврдени: одлука за престанок со работа согласно статутот на организацијата, изминато повеќе од двојно подолго време планирано за одржување одржување седница на највисокиот орган одреден со статутот без таа да се одржи; неподнесена завршна сметка за последните две последователни години во согласност со законот; поминало времето одредено со стаутотот во случај кога организацијата е формирана за одреден период; статутарна промена која утврдува престанок на работата;

Постапката за престанок на организацијата пред надлежниот суд се води според одредбите на Законот за парничната постапка. Повисокиот износ на индивидуалната глоба за одговорните лица, од глобите за организацијата, е сè уште проблематично. Во членот 93 на ЗЗФ, казната изнесува од 18.450 до 184.500 денари (300 до 3.000 евра), во случај промени на оргагнизацијата да не се пријавени во Централниот регистар, како и во случај кога организацијата се стекнала со статус од јавен интерес, а нема поднесено финансиски и наративен извештај. Глобите за прекршоци на организацијата која не спроведува активност во согласност со своите цели одредени во статутот може да изнесува од 12.000 до 20.000 денари (200 до 300 евра)[23], што може да резултира во правна несигурност за ГО. Донекаде олеснителна околност е одредбата во членот 101 според кој пред поднесувањето на прекршочна пријава, на извршителот треба да му се понуди спогодба од страна на Министерството за финансии како тело надлежно за контролирање на финансиската работа на организациите.

Според одговорите кои ги дадоа ГО на прашалникот, една организација истакна дека и биле изречени санкции, и тоа за сторен даночен прекршок – пропуштање да се пресмета и уплати персонален данок на доход за донирана хуманитарна помош на маргинализирани лица, при што не им било овозможено правото да поднесат жалба[24].

**ГРАФИКОН 2.**
Дали на Вашата организација и биле изречени санкции од државата во 2017 година?




### *ОСТВАРУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ (ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ)*

Законската рамка која им овозможува на организациите да се занимаваат со економски активности остана непроменета, па оттука и нестимулирачка. Основен закон кој овозможува вршење економски активности на здруженијата и фондациите е ЗЗФ, како и бројни други закони од трудовото и даночното законодавство. Добивката од економските активности треба да се употреби за постигнување на целите одредени во статутот на организациите. Добивката дополнително може да се искористи за редовните трошоци на организацијата, како и за платите на вработените.

Сè уште во практика помалку од четвртина (22%) од организациите кои одговориле на прашалникот вршат економски активности.

**ГРАФИКОН 3.**
Дали Вашата организација врши економски активности?




Организациите кои имаат економски активности можеа да одберат повеќе одговори за пречките со кои се соочиле при спроведувањето на економските активности. Повеќето од организациите (78%) не

**ГРАФИКОН 4.**
Дали Вашата организација се соочи со кои било од следниве пречки при вршењето економски активности?




одлука на надлежен суд; започната стечајна постапка и спроведена ликвидација. Освен ова, организацијата може да престане да постои ако бројот на членови на организацијата падне под бројот потребен за нејзиното формирање.

23 Член 91, Закон за здруженија и фондации;

24 МЗМП, ИКЧП, Коалиција Сите за правично судење (2017) Како до подобра законска регулатива која ќе ги заштити граѓанските организации од арбитрарни инспекции и контроли во областа на даночното работење?; Достапно на: https://goo.gl/jnuRCV;

се соочиле со никакви пречки, додека 17% сметаат дека даночните обврски се сложени. Пречки при спроведувањето на економските активности во отворените прашања кои се наведени од организациите се: обемни административни барања, непропорционални сметководствени такси и оданочувањето на добивката од економските активности.

### *ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТРАНСКА ПОДДРШКА*

ГО во Македонија можат слободно да бараат и да обезбедуваат финансии од различни странски извори за поддршка на своите активности, без посебни барања и претходни одобрувања. На ГО им е дозволено да добиваат финансии од меѓународни билатерални (УСАИД, СДЦ, амбасади и други) и мултилатерални извори (како Европската Унија), поединци, корпорации и други извори. Законодавството не одредува никакви ограничувања (на пример, административни или финансиски обврски, претходни одобрувања или насочување на финансиите преку одредени тела), кога се добиваат странски финансии.

**ГРАФИКОН 5.**
Дали Вашата организација добила средства од странски донатори во 2017 година?




Повеќе од половина (57%) од ГО кои одговориле на прашалникот истакнале дека главно се финансираат од странски донатори. Најголем дел од нив (75%) не се соочиле со никакви пречки при добивањето на средствата. Сепак, и покрај отсуство на директни препреки за странското финансирање, ГО повторни ги истакнуваат индиректните практики на државата кои го отежнуваат користењето на средствата. Имено, повторно ГО се соочиле со сложени и долги процедури при регистрација на проектите ослободени од ДДВ во Секретаријатот за Европски прашања и при постапката за даночен број на проектот во Управата за јавни приходи.

### *ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОМАШНА ПОДДРШКА*

ЗЗФ им овозможува на организациите да прибираат домашна поддршка без ограничувања[25]. Доминантни домашни извори на финансирање се грантовите од Владата, членарини, корпоративни и индивидуални донации. Најмало учество во финансирање имаат донациите од индивидуални лица и деловниот сектор. Со цел зголемување на нивното учество, потребно е ревидирање на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД). ЗДСЈД одредува даночни олеснувања за давателите на грантови за проекти од јавен интерес. Според членот 13 на ЗДСЈД, поединци имаат право да го намалат данокот за износот на донацијата, но не повеќе од 20% од од годишниот даночен долг на давателот на донацијата, а најмногу до 24.000 МКД (390 ЕУР). Претпријатијата можат да ги искористат даночните олеснувања во износ од 5% во случај на донација и 3% во случај на спонзорство. Меѓутоа, обемните и сложени процедури за користење на олеснувањата се отежнувачки за донаторите, па така и индиректно ја дестимулираат можноста организациите да добијат поддршка од поединци и претпријатија.

**ГРАФИКОН 6.**
Дали Вашата организација добила средства од домашни приватни донатори (вклучувајќи физички лица, правни лица и приватни фондации)?




Приближно половина (45%) ГО кои одговориле на прашалникот навеле дека добиле средства од домашни приватни донатори (поединци, правни субјекти и приватни фондации). За мнозинство (62%) од организациите кои добиле средства беше наведено дека добивањето средства е без обемни и оптоварувачки давачки и административни обврски. Сепак, малку повеќе од една четвртина (26%) мислат дека добивањето средства од домашни донатори подразбира трошоци или административни обврски.

Во отворените одговори, дел од ГО објаснуваат дека најчесто донациите и средствата се во потрошен материјал, а неретко се случувало и тие самите да си ги покриваат трошоците кои се врзани со активноста на организацијата.

25 Закон за здруженија и фондации.

## ПРЕПОРАКИ

### СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ

- Следење на спроведувањето на Законот за здруженија и фондации преку формирање меѓусекторска група, особено за измени во делот за глоби за поединци, да не бидат повисоки од оние за организацијата;
- Измени и дополнување на Кривичниот закон со одредби кои ги дефинираат претставниците на здруженијата и фондациите како службени лица и така да се повлече одговорноста за злоупотреба на должноста;
- Унапредување на Законот за сметководство на непрофитните организации и подзаконските акти со цел нивна олеснета примена во практика и функционалност во согласност со карактеристиките на граѓанското општество;
- Континуирано информирање на граѓанските организации за можностите за директно вршење економски активности и измени во законите кои го регулираат вршењето дејност со цел поттикнување на можноста за вршење економски активности од страна на ГО (пред сè изземање на граѓанските организации од оданочување на добивката од 10%);
- Зајакнување на капацитетите на институциите (ЦФЦД) кои управуваат со децентрализираните средства од ИПА, за спецификите и природата на дејствување на граѓанските организации во насока на олеснување на барањата и процедурите при аплицирањето и спроведувањето на проектите.

## ПОДОБЛАСТ 1.2.

### ДРУГИ ПОВРЗАНИ СЛОБОДИ

### *СЛОБОДА НА МИРНО СОБИРАЊЕ*

Слободата на мирно собирање е утврдена во чл. 21 од Уставот на Република Македонија[26] каде е предвидено дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба. Слободата на мирно собирање е уредена со Законот за јавни собири (ЗЈС)[27].

За јавен собир се смета собирањето на повеќе од 20 граѓани на отворен или на затворен простор заради остварување на различни интереси. Сепак, самиот закон содржи низа ограничувања кон организаторот. Во членот 3 не е задолжително, но е нагласено, дека поради интересите за безбедноста е пожелно организаторот да го извести Министерството за внатрешни работи кои мерки се превземени за негово одржување. Организаторот е должен да го обезбеди одржувањето на редот и да организира редарска служба, како и да го прекине собирот ако дојде до загрозување на безбедноста на луѓето и имотот, како и одговорност за сите штети кои би настанале. Во случај на евентуални штети, организаторот е обврзан да ги надомести глобите кои се високи и изнесуваат до 3.000 евра за правното лице (организаторот) и дополнителни 30% од одредената казна за одговорното лице (организаторот)[28].

Граѓаните своето право на мирно собирање го користеа за застапување за бројни прашања. Имено беа одржани протести против изградба на рудници, граѓаните на неколку скопски општини протестираа против урбанизацијата[29] и уништувањето на зеленилото[30], се одвиваа протести за злоупотреба на правата на текстилните работнички, иницијативата „5 до

26 Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/1991).

27 Закон за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/1995; 19/2006; 66/2007 и 152/2015).

28 Закон за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/1995, 19/2006, 66/2007 и 152/2015).

29 Либертас (2017) Протестен марш во Тафталиџе; Достапно на: https://goo.gl/oTdHnR;

30 МКД (2017) Протест во Аеродром: Коневски ја претвори општината во хаотична и загадена населба; Достапно на: https://goo.gl/oytzS8;

12“ преку која група родители кампуваа со цел постигнување на измени на законската рамка за децата со посебни потреби[31] и сл.

Првиот бран на протести започна во почетокот на годината со формирање на националистичката платформа „За заедничка Македонија“. Целта на платформата беше барање попречување на воспоставување на нова влада, со барања до Претседателот на РМ да не се додели мандатот за формирање на новата влада поради заштитување на унитарноста на државата. На протестите беше забележана реторика на нетолерантност кон Албанците, со јасни повици за насилство, кои кулминирааа на 27 април со упад на толпата во Собранието на Република Македонија.

**ГРАФИКОН 7.**
Дали сте учествувале на граѓански собир, индивидуално или преку вашата организација во 2017 година?




Половина од организациите од оние кои одговориле на прашалникот (51%) учествувале на граѓански собир, индивидуално или преку својата организација, додека само седум организации од оние кои одговориле, организирале граѓански собир, а притоа не се соочиле со никакви ограничувања.

## *ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА МИРНО СОБИРАЊЕ*

Државата има должност да преземе соодветни мерки да овозможи одржување јавни собири без страв на учесниците од физичко насилство. Ограничувањата на слободата на собирање се дефинирани во Законот за јавните собири. Според членот 2а, јавен собир може да се одржи секаде, освен во три случаи: до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните, до детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај. ЗЈС не го дефинира правото на жалба во случај на незаконско ограничување на правото на собирање.

Законот не предвидува задолжително пријавување на собирот, но предвидува одговорности за организаторот на собирот. Полицијата има должност да го штити правото на мирен собир, исто како што има должност да го штити јавниот ред и мир, сигурноста и безбедноста на сите граѓани на Република Македонија. Сепак, таа не успеа да го спречи ескалирањето на протестите на 27 април. Толпата која протестираше лесно го проби полицискиот кордон и влезе во зградата на Собранието. Присутните полициски службеници не презедоа никакви дејствија за растерување на толпата во отсуство на наредба од претпоставените. Ваквото непреземање акција од страна на полициските службеници претставува прекршување на Правилникот за вршење полициски работи. Беа повредени околу 70 граѓани, вклучително и претставници на медиумите, 36 пратеници (од кои еден со сериозни повреди) и 20 полициски службеници[32]. Ваквата постапка покрена сериозни прашања за професионалноста на полицијата и потребните измени во кадровската и законската регулатива.

Хелсиншкиот комитет за човековите права објави извештај за овие настани во кои беа идентификувани 27 различни кривични дела од страна на насилната толпа. Во извештајот се заклучува дека бројот на претставници на полициските сили за време на немирите е премногу мал во споредба со практиките на полицијата кога претходно станувало збор за спречување насилна толпа[33]. Покрај тоа, беше истакнато дека не била почитувана командната постапка, притоа истакнувајќи дека одговорниот полициски командант на оперативната група за овие протести бил отсутен и ги игнорирал телефонските повици, што понатаму резултира со задоцнета реакција од страна на полицијата. Јавното обвинителство покрена истрага, но досега само за едно лице истрагата резултира со затворска казна за напаѓање пратеник во Собранието[34].

31 Радио Слободна Европа (2017) Втор повик до институциите од децата со посебни потреби; Достапно на: https://goo.gl/CRXDHE;

32 Special report on identified and possible crimes committed during the violent attack on the Assembly on 27april 2017” Helsinki Committee For Human Rights of The Republic od Macedonia May 05th 2017, Достапно на: https://goo.gl/Hvoq75.

33 “Special report on identified and possible crimes committed during the violent attack on the Assembly on 27april 2017” Helsinki Committee For Human Rights of The Republic od Macedonia May 05th 2017, Достапно на: https://goo.gl/Hvoq75.

34 Сакам да кажам (2017) Обвинителството на Зврлевски побара од МВР да уапси 15 насилници од нападот во Собранието; Достапно на: https://goo.gl/uHJp41.

Овие протести се одржуваа континуирано во периодот од 70 дена, а на 27 април ескалираа со насилен упад на демонстрантите во Собранието. Кон крајот на годината беа отворени истраги против вкупно 36 лица, меѓу кои организаторите на протестите, неколкумина пратеници и поранешниот министер за внатрешни работи, поради терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на државата[35].

Организациите кои учествувале на некаков собир (51%) во отворените одговори истакнаа дека им било ограничено местото на протест, а две новинарски здруженија наведоа дека не им бил овозможен пристап на медиумите до собирот. Организациите исто така го наведоа присуството на премногу полициски службеници за одржување мирен протест.

**ГРАФИКОН 8.**
Ве молиме објаснете го Вашето искуство со избирање на наведените изјави со коишто се согласувате!




## *УПОТРЕБА НА ПРЕКУМЕРНА СИЛА*

Законот за полиција[36] кој содржи одредби за јавни собири, останува проблематичен поради амандманите донесени во 2015 година, кои на полицијата ѝ ја даваат можноста за употреба на присилни средства во случаи на нарушувања од поголем обем: употреба на физичка сила, полициски палки, електричен парализатор, хемиски средства, гумени куршуми итн.[37] Законот во чл. 93, исто така, ја предвидува употребата на техничка опрема за аудио и видеонадзор, како и времетраењето на чување на добиените снимки. Рокот за чување на снимките е 45 дена, додека останува во сила одредбата со која е предвидено овластување на полицискиот службеник да преземе дејствие на аудио и видеоснимање без притоа да ги информира лицата кои се предмет на тоа дејствие.

Во документот за итни реформски приоритети, како и во новата владина програма за 2017-2020 г. истакнато е дека се предвидени „легислативни промени кои ќе го гарантираат правото на мирно собирање, со јасни и прецизни обврски за полицијата“. Програмата исто така предвидува дека ќе се преземат контроли за ограничување на произволното однесување на полицијата и зајакнување на независноста и капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи. Во декември во собраниска процедура беа предложените измени на законот и во нив се предвидува ограничување на употребата на средства за присилба од страна на полициските службеници (употреба на физичка сила, полициска палка, електричен парализатор, хемиски средства, гумени куршуми, службени возила за јавен ред и мир и употреба на пиротехничко-експлозивни средства). Измените наедно вклучуваат и доуредување на процедурата и правилата за нивно користење, траење и интензитет на користење, како и мерки за претпазливост[38].

Политичката партија Левица, со група помала од 20 луѓе на 29 јули 2017 г. на протестот на јавното претставување на заедничката армиска сесија на Македонија и САД на главниот плоштад во Скопје, објавија знаме со натпис "Против војната за профит". Откако полицијата побарала знамето да биде отстрането и демонстрантите не ги испочитувале барањата, четворица од нив биле уапсени. По спроведената внатрешна истрага утврдена е употреба на сила и нелегално апсење на луѓе кои практикуваат слобода на собирање при што против полициските службеници беше започната дисциплинска постапка.

35 Министерство за внатрешни работи (2017) Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2017 г.

36 Закон за менување и дополнување на Законот за полицијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15).

37 Ibid

38 Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16).

### *ПРИСТАП НА МЕДИУМИТЕ ДО СОБИРИ*

Во текот на 2017 година генерално медиумите имаа пристап до сите граѓански собири. Пет организации кои одговориле на прашалникот дека учествувале на некој собир, изјавиле дека забележале ограничувања на медиумите кога се обидувале да известуваат за настаните. Во практика, регистрирани се неколку поединечни случаи на ограничување на пристапот на медиуми пред се од страна на демонстранти[39]. За време на протестите „За заедничка Македонија", во неколку наврати физички беа нападнати неколку новинарски екипи, меѓу кои и камермани и фотографи. За време на насилствата од 27 април во Собранието, повеќе од пет новинари беа физички нападнати. Голем дел од новинарските здруженија од регионот ги осудија ваквите напади, како напад врз демократијата и слободата на изразување[40]. Засега не е санкциониран ниту еден напаѓач на новинари кои известувале за време на собири.

### *СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ*

Уставот на Република Македонија во членот 16 им ја гарантира на граѓаните слободата на уверувањето, совеста, јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање.

Во периодот пред стапувањето во сила на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во 2012 г., во судовите во РМ имаше околу 700 судски постапки за клевета или навреда покренати според одредбите на Кривичниот законик, од кои во околу 330 постапки беа вклучени новинари[41]. Иако денес сè уште не постојат сеопфатни и систематски собрани официјални показатели за бројот на нови судски постапки покренати против новинари по стапувањето во сила на овој закон, генерален заклучок е дека овој број е значително намален. Според последните податоци на ЗНМ, во 2015 г. имало 39 судски постапки во кои биле вклучени новинари, при што во 17 судски постапки тужителот и тужениот се новинари и уредници[42].

Во Резолуцијата за напредокот на земјата во 2017 г.[43], Европскиот парламент изрази загриженост околу слободата на изразување и медиумите, употребата на говор на омраза, случаите на заплашување и самоцензура, систематското политичко мешање и притисок врз уредничката политика, непостоењето истражувачко, објективно и точно известување, како и небалансирано известување за владините активности.

**ГРАФИКОН 9.**
Дали Вашата организација има искуство со некое од наведените незаконски ограничувања во однос на правото на слобода на изразување во 2016 година?




ГО кои одговорија на прашалникот имаа можност да ја изберат честотата со која се соочувале со сите наведени незаконски ограничувања на слободата на изразување во текот на 2017 г. Споредбено со претходните години, праксата покажува намалување на ограничувањето на оваа слобода. Во 2017 г. 14% од ГО пријавиле притисок против изразување критика кон државните органи, додека 10% од ГО изјавиле дека се соочиле со закани за застапување на спротивставени ставови. Други ограничувања со кои се соочуваат ГО се: напади на организација поради спроведување проект финансиран од УСАИД, пријавување до службите на објави за блокирање на со-

39 Здружение на новинарите на Македонија 2017, Извештај Случаи на повреда на правата на новинарите, достапно на https://goo.gl/bhWWbw;

40 Тера (2017) Новинарски здруженија ги осудуваат нападите врз новинарите; Достапно на: https://goo.gl/J72CtR;

41 ЗНМ (2017) Примена на законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари; Достапно на: https://goo.gl/jxcKYA.

42 ЗНМ (2017) Примена на законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари; Достапно на: https://goo.gl/jxcKYA.

43 Резолуција на Европскиот парламент од 14 јуни 2017 година за Извештајот на Комисијата за Република Македонија од 2016 година (2016/2310(INI)) Достапно на: https://goo.gl/ia7TCU.

државата, политички притисоци преку поединци, медиумски напади и сл.

Во отворените одговори на ГО, значителен број од 22 организации се соочиле со: одбивање на одредени институции да соработуваат и да даваат информации; етикетирања на организацијата (особено на социјалните медиуми); напади од политички партии; закани со тужби поради објавени текстови; медиумски соопштенија кои директно ги посочиле лицата кои давале изјави за политики за образование, студентски прашања, домување итн.; објавување лични податоци на членови на организации; закани за прекинување работни односи на блиски луѓе вработени во државните институции; директни закани од членови на локалната самоуправа; лични закани и притисок врз волонтерите да се откажат од својата работа во организацијата; лични закани преку социјалните медиуми итн.

Во отворените прашања, 12 организации пријавија блокирање на пристапот до онлајн алатките за комуникација, односно чести напади и хакирања на веб-серверите, изгубени електронски пораки и блокирани страници на социјални медиуми.

### *ПРАВО НА БЕЗБЕДНО ДОБИВАЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ*

Слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување информации се гарантирани во Уставот. Иако Македонија има солидно законодавство кое ги уредува медиумите, применливо во интернет-сферата без потребна дополнителна регулација на интернет-комуникацијата, сепак предизвикот е во неговото доследно спроведување. Одредбите во законите кои го доразработуваат правото на безбедно добивање и пренесување информации, во 2017 г. останаа непроменети: Законот за следење на комуникациите[44], Законот за електронските комуникации[45] и Законот за кривичната постапка[46]. Дополнително, во Планот 3-6-9 на Владата е предвидена дебата за потребата за измена и дополнување на Законот за медиумите, особено во контекст на законското регулирање на онлајн медиумите. Предлог-измени се најавени и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Основна цел на овие измени е департизација и професионализација на јавниот радиодифузен сервис, како и на регулаторното тело - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги[47].

**ГРАФИКОН 10.**
Дали Вашата организација има искуство со некоја од наведените незаконски ограничувања во однос на правото за слободно примање и пренесување информации во 2017?




За да се види ситуацијата во практиката, од организациите се побара да ја изберат честотата со која се соочиле со (ги искусиле) сите наведени незаконски ограничувања во однос на правото слободно да добиваат и да пренесуваат информации во 2017 година. Во најголема мера ГО кои одговориле на прашалникот истакнаа дека никогаш не се соочиле со незаконски ограничувања. Сепак загрижувачки се наодите дека 6 имале искуство со блокирани веб-страници или комуникациски канали, како и со незаконско следење комуникации - 8.

Поради политизираноста на уредувачката политика, како и поларизацијата на македонските медиуми, на што укажува извештајот на Фридом хаус, просторот на граѓанскиот сектор во медиумите е сè уште ограничен. Истражувањата покажуваат дека ГО најмногу ги користат социјалните медиуми за промоција на своите активности, и тоа 89% од организациите користат барем еден социјален медиум[48].

Во отворените одговори на прашалникот, едно новинарско здружение наведе дека поднело пријава до Дирекцијата за заштита на личните податоци дека

44 Закон за следење комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/06, 110/08, 116/12).

45 Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 77/2016, 94/2016, 138/2016, 6/2017).

46 Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/2016 и 193/2016).

47 Академик (2017) Објавени предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; Достапно на: https://goo.gl/1T9UaM.

48 ТАКСО (2017) Извештај: Интернет-присуство на граѓанските организации; Достапно на: https://goo.gl/EGHp3E.

три месеци имале блокиран профил на Фејсбук, додека една од организациите наведе дека во текот на 2016 и 2017 г. поради чести хакерски напади нивните веб-страници не функционирале, а на крајот биле загубени многу содржини и три веб-страници.

Социјалните медиуми (фејсбук и твитер) станаа најкористениот инструмент за организирање на собири. Главната причина за употребата на социјалните медиуми е мобилизација на демонстранти, но и практикување на граѓанско новинарство преку објавување на информации, фотографии и видеа, особено во случаи на употреба на сила од страна на полицијата. Освен што служеле како платформа за организирање и мобилизација, граѓанските организации ги користат социјалните мрежи и за споделување на различни мислења и гледишта за значењето и целите на протестите.

## ПРЕПОРАКИ

### ДРУГИ ПОВРЗАНИ СЛОБОДИ (СЛОБОДА НА СОБИРАЊЕ И СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ)

- Министерството за внатрешни работи треба да формира повеќесекторска група за да ги ревидира и измени сите закони кои ги регулираат јавните собири, со цел допрецизирање одредби со што би се избегнала двосмисленост и би се обезбедила конзистентност меѓу поврзаните одредби во даден закон и со други закони, како и усогласеност со меѓународните стандарди. Нејаснитеодредби во практика потребно е да се интерпретираат во полза на оние кои сакаат да го практикуваат своето право на мирно собирање (Закон за јавните собири, Закон за полицијата, други закони и подзаконски акти итн.);

- Конкретно, Министерството за внатрешни работи на косултативен начин треба да донесе амандмани на Законот за јавни собири со обезбедување на правото на жалба на ограничувањето во однос на локацијата на собирот, кога властите биле претходно известени, или кога местото на собирот е обезбедено. Ограничувањата во однос на локацијата на собирот треба да бидат писмено оправдани и за нив треба да се информираат организаторите, вклучително со оправдување на ограничувањето и дозволувајќи можност организаторите да поднесат жалба и да одговорат на секое предложено ограничување;

- Истражување и поднесување одговорност за случаите на ограничување на слободата на собирање, користењето прекумерна полициска сила и други ограничувања;

- Зајакнување на капацитетите на службениците во Министерството за внатрешни работи, особено во случаите на употреба на сила и употреба на средствата за присилба;

- Континуирано следење на спроведувањето на законодавството кое ја регулира слободата на изразување и негово подобрување;

- Зајакнување на капацитетите на судството и другите јавни службеници во однос на меѓународните стандарди и одлуките на Европскиот суд за човековите права поврзани со слободата на изразување и критичкиот говор;

- Подобрување на соработката и координацијата меѓу медиумите, новинарите и граѓанските организации за да се обезбеди поголем и посуштински простор за активностите на организациите.

# ОБЛАСТ 2.

## РАМКА ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО

### ПОДОБЛАСТ 2.1.

### ДАНОЧЕН/ФИСКАЛЕН ТРЕТМАН ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНИТЕ ДОНАТОРИ

#### *ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ*

Даночниот третман за граѓанските организации во 2017 г. беше унапреден, но само делумно бидејќи и понатаму ги изедначува ГО со профитните субјекти, а со некои одредби се дури и во понеповолна позиција.

Кон крајот на 2017 г. Беа усвоени измени и дополнувања во Законот за персонален данок на доход (ЗПДД),[49] меѓу кои и одредбите кои ги уредуваат видовите примања кои се ослободени од обврската за плаќање данок. Заложбите на граѓанските организации за укинување на оданочувањето на трошоците за службени патувања за лица кои не се во работен однос во организацијата конечно беа прифатени и беа дел од новите измени на ЗПДД. Имено, во член 6 беше додаден ставот 30 со кој организациите регистрирани согласно ЗЗФ се ослободени од оданочувања на надоместоците на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници или ангажирани на настани организирани во рамките на активностите на организација, врз основа на документи.

И понатаму недостасува измена во законската регулатива на Законот за данокот на добивка (ЗДД) според кој остварената добивка се третира како разлика на приходите и расходите од дејноста и се оданочува со 10% данок на добивка[50]. На овој начин, ГО се и во понеповолна положба, со оглед на тоа дека трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица се ослободени од обврската за плаќање годишен данок на вкупен приход под услов вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да не го надминува износот од 3 милиони денари (48.780 ЕУР) на годишно ниво. Ова изземање законодавецот не го предвидува за граѓанските организации кои во најголема мера (64%) имаат буџет под 2.500 ЕУР.

Законот за донации и спонзорства во јавниот сектор остана дисфункционален најмногу поради гломазните и долги процедури на потврдување дека донациите/спонзорствата се од јавен интерес од страна на Министерството за правда, па така не придонесе значително кон финансиската одржливост на ГО.

За ослободувањето од данокот на додадена вредност (ДДВ) продолжи да се практикува процедурата за ослободување на данокот на додадена вредност за дел од проектите, кои се финансирани со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Р. Македонија и странски донатори[51].

**ГРАФИКОН 11.**
Каков вид на даночни бенефиции (олеснувања, ослободувања, и др.) се користат во работата на Вашата организација?




Во практика, речиси половина од организациите (44%) не користат даночни олеснувања, а како причина за тоа наведуваат дека не се доволно информирани или дека немаат доволно средства (мали буџети) за постигнување одржливост. Повеќе од една третина (38%) одговориле дека го користат ослободувањето од ДДВ и ја започнуваат постапката во СЕП и УЈП.[52]

49 Закон за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" број 80/1993, 70/1994, 71/1996, 28/1997, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17).

50 Закон за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија", бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11, 135/11, 79/13, 13/14, 11214, 129/15).

51 Правилник за начинот на спроведување на даночните ослободувања од плаќање на ДДВ за продажба на добра и услуги наменети за спроведување проект кој е финансиран со средства добиени врз основа на договор за донација потпишан меѓу Република Македонија и странски донатори каде се одредува дека добиените средства нема да се користат за плаќање даноци („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/14).

52 Член 51, Закон за данокот на додадена вредност

**ГРАФИКОН 12.**
Дали сметате дека некои од административните постапки за стекнување на даночни бенефиции се сложени?




Организациите кои одговориле дека користат даночни олеснувања (47%) беа прашани за административните процедури за добивање на овие олеснувања.  Речиси половина од ГО (45%) сметаат дека административните постапки не се соодветни за работата на организациите, односно дека се премногу оптоварувачки и сложени. Слично на тоа, 41% сметаат дека административните процедури за добивање даночни олеснувања не се комплицирани.

Во отворените одговори, беше побарано од ГО (50 случаи) да ги објаснат причините за сложени административни процедури за даночните олеснувања. Во најголем дел сите беа во насока на обемната и долга регистрација на проектите во СЕП, доставувањето квартални извештаи за фактурите ослободени од данок на додадена вредност до УЈП, иако самата Управа ги издава таквите фактури, нефункционалност на подрачните единици на УЈП, неконзинтентост во потврдите на СЕП и сл.

## ПРЕПОРАКИ
### ДАНОЧЕН/ФИСКАЛЕН ТРЕТМАН НА ГО И НИВНИТЕ ДОНАТОРИ

- Министерството за финансии да ги земе во предвид досегашните конкретни предлог измени и дополнувања за унапредување на одредбите кои се однесуваат на граѓанските организации во Законот за данок на добивка;
- Министерството за правда да формира повеќесекторска група која ќе опфати и претставници на ГО за следење на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности и подготовка на предлог-измени во законот и во процедурата, врз основа на веќе утврдените предизвици и потешкотии кои оневозможуваат целосна функционалност;
- Заеднички работилници и активности за едукација и информирање на сите засегнати страни за специфичната природа на дејствување и за потреби на граѓанските организации за даночните олеснувања (особено за персоналниот данок на доход и данокот на добивка), како и за постоечката процедура за ослободување на проектите од ДДВ, заедно со клучни институции (МФ, СЕП, УЈП), заинтересирани фирми и ГО.

(„Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15).

**ПОДОБЛАСТ 2.2.**

## ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА

### *ДИРЕКТНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД ДРЖАВАТА*

Законската основа за финансиска поддршка на граѓанските организации од државниот буџет остана непроменета. Граѓанските организации се финансиски поддржани од средствата на буџетот на РМ на централно ниво преку различни органи на државна управа. Имено, повеќе закони и подзаконски акти ја уредуваат поддршката, и тоа Законот за здруженија и фондации[53], Законот за извршување на буџетот на Република Македонија[54], Законот за игрите на среќа и забавните игри[55], како и други подзаконски акти, Одлуката за критериумите и процедурата за распределба на средствата за здруженија и фондации од буџетот на Република Македонија која Владата ја носи на годишно ниво, понатаму Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на граѓански организации и фондации[56] и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите[57].

Во втората Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор[58]беше препознаена потребата од домашните извори на финансирање за ГО. Сепак во текот на нејзиното спроведување не беше реализирана ниту една од вкупно шесте мерки кои се предвидени[59]. Граѓанските организации во текот на 2017 година покажаа интерес и иницијатива за реформа на сегашниот систем, при што беа подготвени конкретни препораки..

Во планираниот буџет, а потоа и со Одлука на Владата по завршен повик за 2017 г. се раздвижи долгогодишното статус кво во доделувањето на буџетските средства за граѓанските организации. Износот значително се зголеми за буџетската ставка 463 Трансфери до невладини организации за над 1,4 милиони евра. Најголем дел од зголемувањето беше наменето за средствата кои ги распределува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (просечно 195 илјади евра на 800 илјади евра). Меѓутоа, постоеше сомнеж во изборот на организации во капацитетот за спроведување на активностите и политичката позадина и врска која псотоеше со тогашната власт (ВМРО-ДМПНЕ).

Новата Влада одлучи да ја поништи одлуката за распределба на средствата од буџетот за 2017 г.[60] при што беше објавен документот на веб-страницата на Одделението, без детално образложение за причините[61]. Во објавеното соопштение[62] од Владата за работната седница наведено е дека причината за укинување е постоење на сериозни индиции за злоупотреби на државните средства, како и тоа дека претходната Влада ги делела државните пари на 28 сомнителни здруженија и фондации што се формирале само за време на кризни периоди и протести. Со поништувањето на одлуката [63] беше укинато и префрлањето на средствата за одобрените проекти доделени согласно објавениот оглас за финансирање. Воедно, Владата одлучи да го задолжи Државниот

53 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 59/10 и 135/11).

54 Закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 191/16). Секоја година се усвојува нов закон, во овој извештај се осврнуваме само на законот за 2017 година.

55 Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011,51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014,61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016).

56 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).

57 Програма за финансирање програмски активности наздруженијата и фондациите („Службен весник на Република Македонија", бр. 4/13).

58 Огненовска, С., (2015). Документ за јавни политики: Извештај за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јуни 2012 – декември 2014; Достапно на: https://goo.gl/2uYUhp.

59 Одделение за соработка со невладините организации (2017) Извештај за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата 2012–2017; Достапно на: https://goo.gl/BTGbX4.

60 Одлука за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации; Достапно на: https://goo.gl/sZoDVy;

61 Одделение за соработка со невладини организации (2017) Финансиска поддршка; Достапно: https://goo.gl/i9bh2x;

62 Влада на РМ (2017) Соопштение: Владата донесе одлуки со кои помага на земјоделци, спречува злоупотреби на буџетски пари и ќе го заштити меѓународниот углед на Македонија; Достапно на: https://goo.gl/rzv6af;

63 Одлука за престанување на важење на Одлуката за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 26/2001, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 27/2014, 139/2014, 196/2015 и 142/2016)

завод за ревизија да ја преиспита претходната одлука за доделување на 850.000 илјади евра, а доколку постои основ за злоупотреби да бидат отворени и истраги за ненаменско трошење на буџетски средства[64]. За поголем дел од овие организации не постојат достапни податоци на интернет. [65] Имено за најголем дел од нив беше откриено дека се новоформирани („фантомски“) или со непостоечки и лажни адреси на седиштето[66]. Паралелно, еден од добитниците на средствата јавно реагира по однос на финансиските импликации предизвикани од повлекувањето на ветените средства, и најавија тужби за надомест на штета[67]. Меѓутоа, повторен повик за распределба на средства од Генералниот секретаријат не беше објавен во текот на 2017 г., а со тоа не се доделија предвидените средства кои со ребалансот на буџетот беа намалени на приближно 200.000 евра. Исто така, иако за 2018 година вкупната буџетска ставка 463 е зголемена на речиси седум милиони евра што е за два милиони повеќе од претходно (повеќе од 20%), најголемото зголемување се однесува на Агенцијата за млади и спорт од 84 на 224 милиони денари, а со тоа се очекува средствата да се доделат на спортските клубови и организации. Дополнително, не се предвидени средства кои би ги доделил Генералниот секретаријат на владата и Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, при што за прв пат после 25 години, организациите нема да имаат можност да конкурираат со свои проектни идеи.

Значителен извор на финансирање за ГО се и приходите од игрите на среќа и забавните игри кои приходи се дел од ставката 463, а износот е повеќе од еден милион евра. Сепак, и покрај тоа, овие средства се наменети само за ограничен број на ГО. Опсегот на корисници на овие средства е пропишана во Законот за игрите на среќа и забавните игри и во Одлуката за распределба на приходите од игрите на среќа и забавните игри (која Владата ја носи секоја година последователно). Според Законот за игрите на среќа и забавните игри, 50% од вкупно остварените приходи треба да се доделат на веќе воспоставени организации, предвидено е законско ограничување според кое можат да се распределат не помалку од 60.000.000 денари (975.000 евра) и не повеќе од 120.000.000 денари (1.950.000 евра)[68]. Во 2017г. според Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејното насилство и на Црвениот Крст на РМ од приходите од игри на среќа и забавни игри во 2017г. предвиден е износ од 66 милиони денари[69]. Во Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2017 г[70]. за финансирање на националните спортски федерации и проекти на АМС за унапредување на спортот во Македонија, предвидено беше да се доделат вкупно 62,7 милиони денари до спортски здруженија и федерации[71]. Програмата, во текот на 2017 г беше изменета, со што планираниот износ беше задржан, меѓутоа дополнети како корисници на средствата за партиципации за финансирање на младински клубови учесници во националниот спортски систем на натпревари организиран од националните спортски федерации.

Според анализите, буџетската поддршка за ГО во најголем дел е едногодишна и проектна. Притоа, сè

64 Влада на РМ (2017) Соопштение: Владата донесе одлуки со кои помага на земјоделци, спречува злоупотреби на буџетски пари и ќе го заштити меѓународниот углед на Македонија; Достапно на: https://goo.gl/rzv6af;

65 Радио МОФ (2017) Владата дала 800.000 евра на НВО-а за кои и на Гугл му е тешко да ги најде; Достапно на: https://goo.gl/fC5vEJ;

66 Макфакс (2017) Кои се невладините кои добија милионски суми од владата на ВМРО-ДПМНЕ? Достапно на: https://goo.gl/rm7FpS;

67 Позитив.мк (2017) Политика Невладината „Јасна иднина“ ќе ја тужи новата влада; Достапно на: https://goo.gl/RXCKGc;

68 Закон за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 156/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/2016)

69 Програма за финансирање на програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15 ,154/15, 23/16, 178/16 и 18/17); Достапна на: https://goo.gl/ubr8pS;

70 Програма за финансирање на програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15 ,154/15, 23/16, 178/16 и 18/17); Достапна на: https://goo.gl/ubr8pS;

71 Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2017 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и за унапредување на спортот во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија 192/16);

## ГРАФИКОН 13.
### Според Вашето искуство колку се согласувате со следниве изјави:(Не се мисли на средства доделени од општини)?




уште отсуствува можноста за институционално јакнење на организациите, како и за кофинансирање на проектите на организациите финансирани од ЕУ и други странски донатори.

Во практика, за да се утврдат ставовите на граѓанските организации за државното финансирање, преку прашалникот беше поставено прашање во кое тие можат да го одредат степенот на согласност со неколку изјави. Мнозинство (71%) сметаат дека државното финансирање не одговара на потребите на ГО. Според 10% од одговорите, државното финансирање е предвидливо врз основа на распределбата од претходните години, а третина од организациите (32%) се согласуваат дека повиците за проекти се редовни и се распишуваат барем еднаш годишно.

## ГРАФИКОН 14.
### Дали сте добиле средства од државата во текот на 2017 година? (Не се мисли на средства доделени од општини)




Според одговорите во прашалниците, 24 ГО добиле средства од државата од вкупно (161). На организациите (137) кои не добиле средства им беше побарано да изјават кои се според нив причините зошто не добиле средства. Повеќе од половина од нив (53) истакнаа дека иако аплицирале, сепак биле одбиени. Од друга страна сличен е податокот (51) кои воопшто не аплицирале. Не е занемарувачки ни процентот на ГО (37%) кои воопшто не биле запознаени со отворените повици од страна на државата. Во отворени одговори тие навеле дека причината поради која не аплицирале најчесто е недоволно транспарентната процедура, политичкото и пристрасното доделување средства, немањето доверба и лошото претходно искуство.

## ГРАФИКОН 15.
### Наведете кое од типовите на државно финансирање сте ги добиле:




Според видот на државната поддршка, од 24 ГО кои добиле средства најголем дел од нив своите сред-

**Табела 1. ОДУ кои распределуваат средства преку буџетската ставка 463 – Трансфери до НВО (2015-2017).**

| Орган на државна управа | ЕУР | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018[72] |
| | МКД (во милиони денари) | | | |
| 04001 Влада на Република Македонија | 12.000 | 12.000 | 50.000 | - |
| 04009 Секретаријат за европски прашања | - | - | 1.000 | - |
| 04010 Секретаријат за спроведување на ОРД | 10.000 | 10.000 | 11.300 | - |
| 05001 Министерство за одбрана | 4.000 | 4.000 | 4.000 | 3.000 |
| 05003 Дирекција за заштита и спасување | 3.500 | 3.500 | 3.000 | - |
| 07001 Министерство за правда | **85.000** | **98.700** | **112.000** | **-** |
| 12101 Министерство за животна средина и просторно планирање | 20.000 | 20.000 | 15.000 | 112.000 |
| 15001 Министерство за труд и социјална политика | **84.930** | **91.180** | **89.770** | **18.000** |
| 16101 Агенција за млади и спорт | 46.589 | 39.022 | 84.002 | 90.913 |
| 18010 Финансирање активности во областа на културата | 4.688 | - | - | 224.022 |
| 19001 Министерство за здравство | 7.000 | 7.000 | 6.000 | 6.000 |
| 66006 Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 2.000 |
| **Вкупно** | **297.707** | **287.402** | **378.072** | **455.935** |

ства ги добиле преку јавен повик (20) за проектна поддршка или активност. Шест од нив добиле средства за институционална поддршка, додека две за кофинансирање на проекти на ЕУ.

### *МЕХАНИЗАМ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА*

Граѓанските организации се финансиски поддржани преку повеќе органи на државна управа, т.е. распределбата е децентрализирана. Според Законот за здруженија и фондации, Владата како и секое ОДУ кое распределува средства имаат обврска да подготват годишни планови и програми за распределба на средствата. Потребата од програмирање е потенцирана и во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации[72] и со Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од буџетот на РМ[73].

Постоечкото законодавство содржи одредби кои ја регулираат транспарентноста и отчетноста на процедурата за државно финансирање на ГО. Меѓутоа, државните органи продолжуваат да не ги следат целосно[75] одредбите дадени во законот за извршување на буџетот, како и принципите за соодветна распределба на средства поврзани со објавување податоци за комплетниот процес за државно финансирање (програми, отворени повици, детални одлуки за примателите на средства, повратни информации итн.) како што се дадени во Одлуката за критериумите и процедурите за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од буџетот на Република Македонија. Новина во 2017 г. е тоа што Министерството за култура објави конкурс за реализирање на манифестацијата „Нов културен бран“ за која им се даде можност на граѓанските организации, како и на неформални здружување да земат учество. Дополнително беа подготвени различни обрасци за финансирање проекти од национален интерес во културата со цел поедноставување на процесот на аплицирање проследено со информативни настани за запознавање на заинтереситаните граѓани и организации со барањата на повикот низ Македонија. За првпат беше применет и нов начин на доделување средства преку

72 Кодекс за добри практики за финансиска поддршка на граѓанските здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија', бр. 130/07).

73 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија', бр. 59/10 and 135/11).

74 Буџет на Република Македонија за 2018 г. (Службен весник на Република Македонија бр. 196/18).

75 Огненовска, С., (2016) Директно буџетско финансирање: основен преглед; МЦМС, Достапно на: https://goo.gl/wMVLxXч.

ад-хок грантови, како и обезбедување кофинансирање од странски донатори на иницијатива на министерството[76].

Во 2017 година, преку ставката 463, беа распределени средства преку 11 различни министерства и државни органи[77] во износ од над 378 милиони денари. Средствата распределени на политичките партии преку Министерството за правда исто така значително се зголемуваат, а се додава и нова институција преку која е предвидено да се распределуваат средства, Секретаријатот за европски прашања.

Органите на државната управа не се придржуваат во целост кон одредбите (Законот за извршување на буџетот, Одлуката) дадени во различни правни документи кои ја уредуваат транспарентноста и отчетноста на процесот (програми, отворени повици, детални одлуки за примателите на средства, повратни информации итн.) на доделување средства од буџетот до граѓанските организации[78].

Во постоечкиот модел, три ОДУ кои во последните четири години доделуваат најголем дел од средствата од ставката 463-Трансфери до НВО, се Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за млади и спорт[79]. Министерството за правда, преку ставката 463, распределува средства само на политички партии[80] и според буџетот за 2017 година, износот беше зголемен за 14% (односно за 30% од целата ставка 463). Ова значи дека преку една третина од средствата всушност се наменети за финансирање на политичките партии.

Доминантен начин на доделување средства е директно до корисниците врз основа на правен акт на Владата на РМ (Министерство за одбрана и Министерство за здравство), без објавување јавен повик. Потоа, само мал дел од средствата се доделуваат на отворен повик за специфична (тематска) категорија преку АМС и МТСП и средствата отворени за ГО преку јавни повици во Генералниот секретаријат на Владата на РМ, Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор и Министерството за животна средина и просторно планирање. Најчесто практикуван начин за доделување финансиска поддршка на организациите е директно со правен акт (48%)[81], и тоа за Дирекцијата за заштита од спасување, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

За транспарентноста на процесот на одлучување за доделување државно финансирање во практика, на организациите во прашалникот им беа зададени три изјави и за секоја од нив беше побаран степен на согласност. Во поглед на критериумите според кои се избираат граѓанските организации за добивање државна поддршка, над третина (42%) од организациите се согласуваат дека се јасни и јавно достапни, додека повеќе од половина (52%) од организациите сметаат дека не се јасни и јавно достапни. Повеќе од половина (63%) од организациите сметаат дека одлуките за распределбата на средствата не се фер. На крајот, 16% од организациите сметаат дека одлуките за распределбата на средствата се јавно објавени, додека 29% не се согласуваат, а 17% не знаат.

### *СУДИР НА ИНТЕРЕСИ*

Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите предвидува дека судирот на интереси го определува секој ОДУ при начинот и постапката на бирање на членовите на комисијата која врши избор на проекти. Покрај Кодексот, Законот за култура содржи конкретни одреби според кои носител на проект, т.е. автор на проект и учесник во реализацијата на проект не може да биде именуван за член на комисијата, односно за надворешен соработник, а претседателот и членовите на комисиите, односно надворешните соработници, доставуваат писмена изјава дека немаат судир на интереси во однос на пристигнатите пријави

76 Министерство за култура (2017) Доаѓа нов културен бран; Достапно на:https://goo.gl/R8sqLV.

77 Целосниот преглед е даден во табелата 2. Институции кои распределуваат средства преку буџетската ставка 463 – Трансфери на невладините организации во 2015-2017.

78 Огненовска, С., (2016) Директно буџетско финансирање: основен преглед; МЦМС, Достапно на: https://goo.gl/wMVLxXч.

79 Огненовска, С., Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017), МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/n4AU7r.

80 Според одговорот на Министерството за правда бр.19-3416/3 од 30.10.2015 на барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесен од МЦМС. Според своите овластувања, министерството ги префрла средствата од буџетската ставка 463 – Трансфери за невладини организации, на политичките партии.

81 Огненовска, С., Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017), МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/n4AU7r.

на годишните конкурси. Сепак, според одговорите, во практика речиси е изедначен бројот на ГО кои сметаат дека нема судир на интереси (42%), како 43% од оние кои ги дадоа своите одговори се изјасниле дека таквата практика е забележана.

## *ИНФОРМИРАЊЕ И ВКЛУЧЕНОСТ ВО ЦИКЛУСОТ НА ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ*

Кодексот[82] предвидува процедури за вклучување на ГО во одредувањето на приоритетни области за државното финансирање, меѓутоа неговата необврзувачка сила овозможува институциите да не ги следат тие препораки.

Со цел утврдување на состојбите во практиката, организациите имале можност да го одредат степенот на согласност со изјава во поглед на нивното учество во поставување приоритети за државно финансирање. Половина (50%) од ГО не учествуваат во процесот на поставување приоритети за државно финансирање, малцинство од нив (19%) одговориле дека не знаат. Иако четвртина (25%) од организациите делумно се согласуваат дека учествувале во овие процеси, нивните објаснувања во отворениот дел на прашањата не овозможуваат увид во нивното искуство или она што тие го подразбираат како вклученост во циклусот на државно финансирање.

Речиси половина од ГО кои одговориле на прашалникот (50%) сметаат дека организациите не учествуваат во процесот на одредување приоритети за државно финансирање, 19% од нив одговориле дека не знаат. Дел од ГО (40) изјавиле дека делумно се согласуваат дека учествувале во процесите на одредување приоритети.

## *ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВА ЗА ДОБИВАЊЕ ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА*

Според Кодексот, органот на државната управа кој го објавува јавниот повик потребно е да содржи информации и за процена на кредибилноста и работата на организацијата која го поднесува предлогот. Критериумите натаму продолжуваат во насока колку се реални планираните резултати и начинот на спроведување и оценување, како и крајниот рок за поставување прашања поврзани со повикот.

Граѓанските организации се финансиски поддржани од средствата на буџетот на РМ на централно ниво преку различни органи на државна управа на три начини: отворен повик, отворен повик за специфична категорија (тематски) на организации и директно со правен акт. Доделувањето средства директно со правен акт е најчесто употребуваниот начин и го практикуваат Министерство за труд и социјална политики, Министерство за правда, Министерството за одбрана, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување и др.[83]

Законската основа за распишување отворен повик за специфична (тематски) категорија на организации за доделување буџетски средства наменети за здруженија и фондации е дадена во: Законот за спортот, Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Законот за социјална заштита на Министерството за труд и социјална политика, наменети за здруженијата кои работат во полето на социјална заштита, дел од регистарот на МТСП и Законот за заштита на потрошувачите на Министерство за економија, наменети за организации на потрошувачите. Отворен повик за специфична категорија објавуваат АМС и МТСП. Преку отворен повик се доделуваат само 19% од средствата до здруженија и фондации, или само 0,02% од вкупните расходи на буџетот на РМ[84].

Отворен повик за доделување буџетски средства објавуваат Владата на РМ преку Генералниот секретаријат, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање. Законската основа е дадена во Законот за извршување на буџетот на РМ[85], Законот за животна средина и просторно планирање[86] и Законот за култура[87].

Со цел утврдување на состојбите во практиката, организациите имале можност да го одредат степенот на согласност со изјава во поглед на едноставноста и

82 Огненовска, С., Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017), МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/n4AU7r;

83 Огненовска, С., Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017), МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/n4AU7r.

84 Ibid

85 Закон за извршување на буџетот на Република Македонијаза 2017 година („Службен весник на РепубликаМакедонија", бр. 132/18).

86 Закон за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05).

87 Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

јасноста на барањата кои ги поднесуваат за апликација за финансиски средства. Скоро четвртина (20%) од организациите се согласуваат дека барањата од пријавата се лесни и јасни, 42% делумно се согласуваат со оваа изјава, додека 15% не знаат, а 22% не се согласуваат со изјавата.

## ПРЕПОРАКИ

### ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА

- Формирање повеќесекторска работна група во Министерството за финансии за отпочнување целосна реформа на системот на финансирање на граѓанските организации од страна на државата. Особено потребно е ревидирање на постапката на распределба на буџетските средства на граѓанските организации согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри, со обезбедување отворен повик за проектни предлози и еднакви и фер можности за пријавување на сите ГО;
- Конкретно, на партиципативен начин Министерството за финансии да одреди процент од средствата кои редовно би се распределувале преку буџетот, наменети за здруженија и фондации и зголемување на тековниот износ согласно потребите и економската вредност на граѓанскиот сектор;
- Клучно е пакетот реформи на државното финансирање да обезбеди средства за институционална поддршка на ГО, како и кофинансирање и претфинансирање проекти, финансирани од ЕУ и од други донатори;
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија потребно е одново да отвори консултации и да подготви предлог-одлука во која ќе се одредат постапката и критериумите за распределба на средства (согласно Кодексот) кои институциите ќе бидат законски обврзани да ги следат;
- Сите органи на државната управа кои распределуваат средства за граѓански организации треба доследно да го почитуваат Кодексот и да започнат консултации со ГО во однос на спроведувањето, ефективноста и критериумите за финансирање за нивните потреби;
- Зголемување на буџетската ставка 463, како и одредување фиксен процент од средствата кои редовно би биле наменети само за ГО;
- Сите државни институции треба јавно да објавуваат информации поврзани со процедурите за финансирање, роковите и информациите за ГО кои добиле средства (иако веќе е регулирано во Кодексот). Објавување на програмите за финансирање на ГО на годишно ниво и навремено вклучување во своите подготовки;

# ОБЛАСТ 3.

## ОДНОСИ МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

### ПОДОБЛАСТ 3.1.

### РАМКА И ПРАКТИКИ ЗА СОРАБОТКА

#### *СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И СОРАБОТКАТА СО ВЛАДАТА*

Периодот на спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор[88] измина во 2017 година. Според извештајот објавен од Одделението, дури 16 од предвидените 52 мерки се означени како целосно реализирани. Останатите мерки во рамки на стратешкиот документ беа започнати некои почетни активности, но истите не беа комплетно реализирани, особено оние кои се најзначајни за развој на граѓанскиот сектор. Во септември 2017, Одделението на својата веб страна го објави повикот за консултации граѓански организации за креирање на новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020[89]. Во повикот беше наведено дека како основа ќе се искористат анализите и стратешките документи на граѓанските организации, особено оние кои беа развиени на нивна иницијатива и со широко вмрежување како што се Предлогот на граѓанските организации за итни демократски реформи[90] и Патоказот за развој на граѓанското општество во Македонија 2018-2022[91].

#### *ИНСТИТУЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И СОРАБОТКА СО ВЛАДАТА*

Процесот за воспоставување Совет за соработка беше реафирмиран по подолг застој во јули 2017 г. кога Генералниот секретаријат на Владата организираше средба со граѓански организации кои го следеа процесот на воспоставување на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во континуитет и понудија измени и дополнувања на одделни решенија од постоечката одлука за формирање Совет.

По состанокот, Одделението спроведе процес на електронски консултации за текстот на одлуката за формирање совет. Дел од граѓанските организации што претходно упатија јавна реакција за запирање на процесот за избор на претставници од граѓанското општество во советот[92] организираа консултативна средба на која се дискутираше за содржината на одлуката и ги усогласуваа различните мислења и ставови за формирање функционален совет[93]. Клучни измени беа предложени во насока на зголемување на бројот на членовите од редовите на граѓанските организации, подигање на нивото (во административната хиерархија) на претставниците од органите на државната управа, подигнување на транспарентноста и отчетноста при спроведувањето на изборот на претставници од граѓанските организации и сеопфатност на областите од кои доаѓаат членовите од граѓанските организации.

Заедничките заложби на граѓанскиот сектор резултираа со прифаќање на најголем дел од нивните предлози во конечниот текст на одлуката[94]. Врз основа на чл.6 од одлуката, Одделението во декември објави јавен повик за избор на 16 членови на советот од редот на здруженијата и фондациите. Советот треба да се состои од 31 член кои ги назначува Владата за период од три години (15 членови од редот на ОДУ и 16 членови од организации регистрирани согласно ЗЗФ)[95]. Процесот на избор на членови од граѓанскиот сектор започна на 21 декември 2017 г. Организациите регистрирани согласно ЗЗФ можеа да предложат и да гласаат за еден кандидат (освен

88 Влада на Република Македонија (2012) Стратегија за соработка на владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) [Интернет] Скопје, Влада на Република Маједонија. Адреса: https://goo.gl/S8dtJh;

89 Одделение за соработка со невладини организации (2017) Консултации за подготовка на нова Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020; Достапно на: https://goo.gl/Eb2LbT;

90 Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи (2017) Достапно на: https://goo.gl/dXcrEt;

91 Нацрт патоказ за развој на граѓанското општество во Македонија (2018-2022). Достапен на: https://goo.gl/yuX6Ra;

92 МЦМС (2016) Да се запре изборот на претставници во Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; Достапно на: https://goo.gl/gAVT0T.

93 МЦМС (2017) Каков Совет за соработка им треба на граѓанските организации? Достапно на: https://goo.gl/jFZKmG.

94 Одлука за формирање совет за соработка и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 15/13, 139/14, 195/15, 142/16 и 164/17) Достапна на: https://goo.gl/5YrqHp.

95 Влада на РМ (2017) Јавен повик за формирање совет за соработка и развој на граѓанскиот сектор; Достапно на: https://goo.gl/is7zu8.

за кандидатот на својата организација) за член на советот во една од клучните области за граѓанските организации[96].

ГО и понатаму не се запознаени со постоењето и мандатот на Одделението. Преку половина (55%) од организациите не комуницираат со Одделението, додека 20% не знаеле дека таква институција постои.

**ГРАФИКОН 16.** Дали Вашата организација комуницираше со Одделението за соработка со граѓанските организации во 2017 година?




**ГРАФИКОН 17.** На што се однесуваше комуникацијата на Вашата организација со Одделението оваа година?




Повеќе од половина од организациите изјавиле дека комуницирале со Одделението, но најчесто преку покани и учество на информативни настани, додека 32% комуницирале со Одделението во насока на соработка и застапување за прашања кои се значајни за ГО. Индикатор за недоволната функционалност на Одделението е тоа што 42% сметаат дека немаат корист од таквата комуникација, а 30% сметаат дека немаат потреба за тоа.

## ПРЕПОРАКИ

### РАМКИ И ПРАКТИКИ ЗА СОРАБОТКА

- Унапредување на улогата на Одделението за соработка со ГО. Во насока на досегашните препораки, со цел Одделението да биде целосно функционално и препознаено од организациите, треба да има поавтономна позиција, како и посебно предвидени средства од буџетот на РМ за реализирање на неговите директни активности;
- Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ, во партиципативен процес, со граѓанскиот сектор, да органзиира консултации за новата Стратегијата преку (консултативни настани, работни групи, итн), и врз основа на претходни документи од граѓанските организаци за оценка на спроведувањето на Стратегијата, да го започне подготвувањето на новата стратегија;
- Во процесот на подготовка на стратешкиот документ, да се земат во предвид потребните средства од буџетот на РМ за спроведување на акцискиот план, за сите органи на државната управа во соработка со ГО како спроведувачи на мерките;
- Усвојување на потребните подзаконски акти за соодветно функционирање на Советот, како и измени и дополнувања на постоечката Одлука со цел да се избегнат одредени недоречености.

## ПОДОБЛАСТ 3.2.

### ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

### *СТАНДАРДИ ЗА ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ*

Во 2017 г. законската основа која го уредува вклучувањето на јавноста и граѓанските организации во креирањето политики и подготовка на закони беше унапредена преку зголемување на рокот за консултации од 10 на 20 дена за објавените предлози за

96 Во Советот за соработка предвидено е ГО да имаат свој претставник во следниве области: развој на граѓанскиот сектор; демократија и владеење на правото; промоција и заштита на човековите права и антидискриминација; економски и одржлив развој; наука, образование и доживотно учење; млади, социјална заштита и заштита на децата; заштита на маргинализираните лица; родова еднаквост; заштита на здравјето; земјоделство и рурален развој; култура; медиуми и информатичко општество; заштита на животната средина; спорт; интеграции и политики на ЕУ.

донесување закон, за нацртите и за предлозите на законите[97]. Вклученоста на јавноста е уредена со Уставот на Република Македонија[98], Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните[99], Законот за работа на Владата[100], Законот за организација и работа на органите на државната управа[101], Деловникот за работа на Владата, Деловникот за работа на Собранието[102], Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесите на подготовка на политиките на работа[103], Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката на изготвување закони, како и во Методологијата за процена на влијанието на регулативата (ПВР).[104]

Политичката волја на новата влада за дијалог и соработка со граѓанскиот сектор отвори можности за консултации и вклученост во креирањето политики. Новата влада во текот на годината се служеше со различни методи на консултации, како на пример формирање работни групи (во рамките на МЗ за Законот за прекинување на бременоста, МИОА за Националната стратегија за отворени податоци, МФ за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021), одржување широки консултации (за воспоставување совет за соработка со ГО, МП за нацрт-стратегијата за реформата на правосудството), потпишување меморандуми за соработка и средби (АМС со младински организации), секако покрај користење на можностите за дополнување на овие методи со електронски консултации (доставување предлози преку е-пошта и/или ЕНЕР).

При носењето или менувањето на законите во државата, поголем дел од граѓаните сметаат дека консултациите со засегнатите групи не се честа практика[105]. Заклучоците од истражувањето на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС) и Центарот за економски анализи (ЦЕА), покажуваат дека 77% од граѓаните никогаш не чуле дека постои постапка за влијание на регулативата (ПВР), а дури 72% од вработените во државниот сектор, иако надлежни за нејзиното спроведување, никогаш не чуле за ПВР. Ова е сериозен индикатор деа јавноста не е доволно запознаена со процедурата на процена на влијанието на регулативата, која јавните институции согласно Деловникот за работа на Владата се обврзани да ја спроведуваат при носењето на новата регулатива или при носење на измени на постоечки закони. При носењето или менувањето на законите во државата поголем дел од граѓаните сметаат дека консултациите со засегнатите групи не се честа практика. И по девет години од воведувањето на овој процес на консултации при создавањето на законите, јавноста претежно не е запознаена со тоа што значи процена на влијание на регулативата.

Вклученоста на ГО во процесите на подготовка на закони и креирање политики остана на речиси исто ниво со многу мало подобрување. Значајно да се напомене е дека разгледувањето и усвојувањето на прописи во Собранието започна со неговото конституирање во втората половина на годината. Па така, откако се формираше новата Влада на 31 мај 2017 г., на Седница на собрание беа разгледани 116 прописи. Од нив 36 закони беа на предлог на пратеници, 1 граѓанска иницијатива, 13 ратификации и 66 нацрт закони на предлог на надлежни министерства. Обврска за консултации со јавноста односно поставување на предлог измените на ЕНЕР имаат само министерствата. Од 66 разгледани закони, 53 нацрт-закони (80%) беа објавени и беа предмет на електронски консултации. Во скратена постапка беа усвоени речиси една третина од овие закони (28% или 19 за-

97 Деловник за работа на Владата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 ).

98 Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/1991).

99 Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/105).

100 Закон за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15).

101 Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11).

102 Правилник на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 36/08).

103 Кодекс на добри практики за учество на граѓанското општество во процесот на подготовка на политики за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/11).

104 Методологија за процена на влијанието на регулативите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/13).

105 ИДСЦС, ЦЕА (2017) Јавноста, сведок и учесник во создавање на законите; Достапно на: https://goo.gl/Bgv97V;

кони). И покрај законската обврска за обезбедување на електронски консултации со јавноста, сепак за 13 од оние кои биле објавени електронски (25%) не бил испочитуван минималниот рок за консултации од 20 дена.

**ГРАФИКОН 18.**
Дали Вашата организација се вклучи во процес на носење политики или закони во 2017 година?




Слично на претходните години, големо мнозинство (80%) од ГО кои одговориле на прашалникот во 2017 година не биле вклучени во процесите на подготовка на политики на работа или закони. Само 33 од организациите биле вклучени во овие процеси, од кои 24 на покана на државните институции. Речиси половина од нив (47%) соработувале повеќе од еднаш со организациите.

**ГРАФИКОН 19.**
Дали во 2017 година Вашата организација поднесе предлог на повикот од Одделението за Програмата на Владата на Република Македонија?




Еднаш годишно, во август, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Влада на Република Македонија[106]. По објавениот повик беа доставени 18 иницијативи од страна на граѓанскиот сектор, коишто Одделението за соработка со невладини организации ги проследи до ресорните министерства[107]. Предлозите во најголем дел се однесуваа за измена на законската рамка, или пак дополнување на подзаконските акти. Во 2017 година на овој повик 18 ГО испратиле свои барања со предлози за измените во дел од законите кои се однесуваат на  на подобрување на граѓанското општество како граѓанско учество, даночни поволности, антикорупција,  како и за креирање на нови стратегии[108].

**ГРАФИКОН 20.**
Дали Вашата организација иницирала дијалог или застапување за отпочнување на носење на политика или закон?




Активните ГО коишто започнале дијалог со институциите изјавија дека учествувале и добиле повратна информација (12%), додека поголем е процентот на оние коишто иако учествувале во подготовката на закони, не добиле повратна информација (65%). Зголемениот придонес на ГО кон Програмата на Владата во 2017 г. го потврдуваат и резултатите од прашалникот, при што споредено со минатата година, кога една третина од ГО (31%) поднеле предлози, оваа година скоро половина (43%) од нив изјавиле дека поднеле предлог.

Според одговорите на прашалникот, ГО кои беа вклучени во овие процеси наведуваат извесен број закони и политики, како и органи на државната управа во 2017 година (повеќето по своја иницијатива):

**ГРАФИКОН 21.**
Во кои се фази на носење политика или закон се има вклучено Вашата организација?




106 Одделение за соработка со невладини организации (2017) Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година. Достапно на: https://goo.gl/Y1C9MK;

107 Одделение за соработка со невладини организации (2017) Предлози од граѓански сектор. Достапно на: https://goo.gl/QurfiU;

108 Одделение за соработка со НВО (2016) Мрежа на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор. Адреса: https://goo.gl/YUaKJn;

**Табела 2. Листа на закони и стратешки документи во кои биле вклучени ГО**

| ЗАКОН | СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ | ОДУ |
|---|---|---|
| Закон за високото образование<br>Закон за заштита на укажувачите<br>Закон за донирање храна<br>Закон за привремена заштита и азил<br>Закон за следење на комуникациите<br>Закон за аудио и аудиовизуелни услуги<br>Закон за помилување<br>Закон за контрола на дроги и други психотропни супстанции<br>Закон за енергија<br>Закон за социјална заштита<br>Закон за здравствена заштита<br>Закон за спречување и заштита од дискриминација | Национална стратегија за развој на културата<br>Стратегија за реформа на јавната администрација<br>Стратегија за реформа на правосудниот сектор<br>Сеопфатна стратегија за развој на образованието 2018 - 2022<br>Стратегија за соработка со дијаспората<br>Стратегија за интеграција на бегалци и странци<br>Национална стратегија за ратификување на Истанбулската конвенција против родово базирано насилство | Влада на РМ<br>Агенција за млади и спорт<br>Регулаторна комисија за енергија<br>Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Собрание на РМ<br>Одделение за соработка со невладините организации<br>Агенција за млади и спорт<br>Министерство за правда<br>МИОА<br>Министерство за финансии<br>Агенција за промоција и поддршка на туризмот |

Организациите (вкупно 45) кои биле вклучени во процесите на креирање политики и подготовка на закони беа запрашани во која фаза биле вклучени и можеа да изберат од неколку дадени одговори, за да се анализира практиката на навремена и суштинска вклученост. Повеќето (62%) биле вклучени во раната фаза на планирање на законските измени, додека 36% од нив биле вклучени во фаза на веќе подготвен предлог-текст.

**ГРАФИКОН 22.**
Според Вашето мислење како го оценувате нивото на вклученост на граѓанските организации во процесот на носење политики или закони во 2017 година?




Во насока на согледување на потенцијалот од градење доверба меѓу организациите и институциите, преку прашалникот организациите (33) кои биле вклучени во процесите на носење политики или закони биле прашани да го оценат своето задоволство од учеството. Иако мал процент на ГО кои одговорија на прашалникот (3%) изјавија дека се целосно задоволни од нивото на вклученост, сепак преовладува дека повеќе од половината од нив (52%) се повеќе задоволни отколку незадоволни. Организациите сметаат дека оценката за нивото на вклученост е резултат на нивното тековно и минато искуство со овие процеси на донесување одлуки: непостоењето конкретни иницијативи; недостаток на информации; фактот дека повеќето консултации се организираат кога документите се веќе подготвени; недостаток на јавни дебати; непочитување на мислењето на ГО; вклученост на граѓанскиот сектор во органите на власта, но не и во комисиите; носење голем број закони по скратена постапка и без ефективно консултирање; непочитување на мислењето на ГО; недостатокот на дијалог и доверба во институциите; бројни одбиени инцијативи на ГО итн.

*ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА*

Законодавството ја уредува повратната информација како дел од процесот на консултации предвидени во чл.71 на Деловникот на Владата, каде е предвидено дека секое министерство треба да подготви извештај за добиените мислења во кој ќе бидат наведени причините поради кои коментарите и предлозите не се прифатени и истиот треба да биде објавен на

**ГРАФИКОН 23.**
Пишан повратен одговор од резултатите од консултациите е јавно објавен од јавните институции?




веб-страницата на ЕНЕР.

Со цел да се согледаат практиките на давање пишан повратен одговор на институциите за резултатите од консултации, граѓанските организации беа прашани за нивната согласност. Речиси половина од нив (44%) не знаат дали има пишан повратен одговор од резултатите од консултациите. Сличен е процентот (45%) за оние организации кои сметаат дека институциите не објавуваат пишан одговор од резултатите од консултациите.

**ГРАФИКОН 24.**
Што од следново беше случај во примерите на Вашето учество?




Речиси половина (45%) од организациите одговориле дека никогаш не им биле објавени прифатените и/или отфрлените коментари. Сличен е процентот (40%) за оние организации кои никогаш не се сретнале со објавен повратен одговор по отфрлени коментари.

## ПРЕПОРАКИ

### ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

- Достапноста и содржината на предлог законите треба да се промовираат со задолжително и ажурирано објавување на документите на ЕНЕР дури и кога се во скратена процедура, како и со користење други расположливи механизми за консултации (работни групи за креирање, спроведување и следење на политики, јавни расправи);
- Органите на државната управа треба да организираат консултации со ГО во раната фаза на анализата, за потребите и подготовката на политиките и законите;
- Органите на државна управа, покрај запазувањето, да го почитуваат во целост и да го применува на сите предлог закони без исклучок новиот зголемен минимален период за консултации со јавноста од 20 дена;
- Органите на државната управа задолжително да обезбедат повратен одговор за добиените коментарите и јавно да ги објават;
- Органите на државната управа треба постојано да ги подобруваат своите капацитети за вклучување различни засегнати страни во процесите на подготовка на закони и креирање политики.

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (ЦОР)

### *ВАЖНОСТ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ*

Агендата за одржлив развој 2030 беше усвоена на 70-тото Генерално собрание на Обединетите нации (ОН) од страна на сите земји членки, меѓу кои и Македонија. Агендата нуди универзална и сеопфатна рамка од 17 цели и конкретни мерки за борба против сиромаштијата, нееднаквоста и климатските промени на светско ниво. Спроведувањето на агендата е на доброволна основа препуштено на националните влади во соработка со организациите на ОН, бизнисите и граѓанскиот сектор.

Подготвителни чекори за интегрирање и усогласување на ЦОР се спроведени во Македонија. Прв чекор беше подготовка на сеопфатна анализа на јазови за секоја од ЦОР со цел интеграција на Агендата 2030 во релевантните национални политики и акциски планови. Врз основа на анализата, беше подготвен извештај за усогласување со ЦОР кој беше поднесен на разгледување до Владата на крајот од 2016 г. Извештајот содржи дефиниција за секоја од целите, клучни закони и политики, усогласеност со националните стратешки документи, идентификувани јазови, поврзување меѓу различни ЦОР и утврдени приоритети и препораки за политики. Министерството за надворешни работи и Постојаниот координатор на ОН во земјата, Луиза Винтон, потпишаа нова стратегија на ОН 2016-2020 „Партнерство за одржлив развој“, со предвидени 120,9 милиони долари за нејзино спроведување, од кои владата треба да мобилизира од различни извори 81,2 милиони долари. Целта на стратегијата е да обезбеди заедничко планирање и програмирање при реализацијата на ЦОР во земјата со вклученост на 10 агенции на Обединетите нации во земјата и осум агенции од регионот. Стратегијата е сочинета од пет приоритетни области за соработка: вработување, добро владеење, социјална инклузија, еколошка одржливост и родова еднаквост. Освен родовата еднаквост, сите други приоритети од стратегијата се совпаѓаат со оние утврдени кај другите земји од Западен Балкан[109].

Во Агендата е нагласен пристапот на формирање партнерства, притоа вклучувајќи ги сите чинители и граѓанското општество. Во споредба со Милениумските развојни цели (МРЦ), ЦОР се поинклузивни и засновани на стандардите за човекови права. Во таа насока, нагласена е потребата ГО да бидат вклучени во артикулирањето на потребите на граѓаните, особено најранливите, преку застапување и обезбедување услуги и промоција на практиките за добро владеење. Следствено на тоа, за да можат граѓанските организации ефективно да ја преземат оваа улога, неопходно е како предуслов да работат во овозможувачка околина во која нивните слободи се почитувани и обезбедени, имаат можност за финансиска стабилност и одржливост и во кои државата одржува дијалог и партнерски однос. Во Македонија периодот на локализација на овие цели беше придружен со длабока политичка криза, отсуство на дијалог и недоверба меѓу институциите и граѓанскиот сектор, па така и информирањето и вклученоста беа на ниско ниво.[110]

### *КЛУЧНИ ИНСТИТУЦИИ И МЕХАНИЗАМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦОР*

Министерството за надворешни работи и Кабинетот на заменик-претседателот на Владата за економски прашања, во која се наоѓа и фокалната национална точка за ОН за Агендата 2030 се клучните институции кои го координираат процесот на реализација на ЦОР. Ефективноста на поделениот мандат по однос на Агендата 2030 меѓу овие две клучни институци потребно е да се разгледа од аспект на тоа дали го унапредува или пак усложнува процесот на координација и влијанието врз способноста за одржување информирани и квалитетни државни службеници за координација на овој процес и техничка поддршка на органите и механизмите.

Особено важна институција во следењето на реализацијата на ЦОР е Државниот завод за статистика на РМ (ДЗС), која во 2017 г. подготви статистички преглед за спроведување мерки и активности за одржлив развој[111]. Индикаторите се во согласност со Европската стратегија за одржлив развој и мето-

109 Огненовска, С., Папа, А., (2017) Суштествена вклученост на граѓанските организации во „Целите за одржлив развој“ на Обединетите нации; МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/MsFfPL.

110 Ibid

111 Државен завод за статистика (2017) Одржлив развој, 2017; Достапно на: https://goo.gl/EKQUFc.

дологијата на ЕУ. Токму затоа, тие се споредливи со индикаторите за одржлив развој во европските држави и пошироко и се добра платформа за следење на приоритетите во националната политика за одржлив развој.

Покрај ДЗС, МИОА беше поддржана од УНДП во соработка со граѓански организации да ги интегрира ЦОР во рамките на акцискиот план на ОВП 2016-2018. Станува збор за добра практика во која овие две засебни агенди се поврзуваат и хармонизираат со националните политики. Во планот истакната е целта 16 која гласи: „Да се изградат ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа", како конкретно релевантна за државните институции, но нагласена е и заложбата за напредок кон секоја од глобалните развојни цели како тесно поврзани со постоењето на транспарентни инстицуии кои се отворени и отчетни кон граѓаните[112]. Во 2017 г. МИОА спроведе низа активности (тркалезни маси заедно со ГО) за подигнување на свеста и дијалогот во рамките на ОВП како платформа за различни чинители за ЦОР.

Покрај клучните институции, креиран е и механизам кој опфаќа и членови надвор од институциите. Во 2009 г. согласно Националната стратегија за одржлив развој[113] предвидено е да се воспостави и национален совет за одржлив развој (НСоОР). Со НСоОР претседава заменик-претседателот на Владата на Република Македонија одговорен за економски прашања, а вклучува 14 министри од клучните министерства во Владата[114]. Институционалната поставеност на советот предвидува присуство на членови на академската и бизнис-заедницата (преку Стопанската комора на Македонија) и владини претставници, како и еден претставник на граѓанскиот сектор од ДЕМ - Движење на екологистите на Македонија. Следствено на тоа, ваквата поставеност на советот не овозможува вклученост на граѓанските организации, а јасно е дека назначувањето на ДЕМ се совпаѓа со тесното поврзување на одржливиот развој со животната средина и поставување на стратегијата во рацете на МЖСПП.[115]

112 Министерство за информатичко општество и администрација (2017) Среднорочен извештај за самооценување. Акциски план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година; Достапно на: https://goo.gl/XBfpwe.

113 Национална стратегија за одржлив развој (2010) Достапно на: https://goo.gl/Uxa4ZJ.

114 Ibid

115 Одлука за формирање национален совет за одржлив развој („Службен весник на РМ" 8/10); Националниот совет за одржлив развој го сочинуваат претставници од: Секретаријатот за европски прашања; Министерството за животна средина и просторно планирање; Министерството за локална самоуправа; Министерството за економија; Министерството за труд и социјална политика; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерството за финансии; Министерството за информатичко општество; Министерството за транспорт и врски; Собранието на Република Македонија; Македонската академија на науките и уметностите; Природно-математичкиот факултет; Машинскиот факултет; Универзитет ЈИЕ; Стопанската комора на Македонија и ДЕМ - Движење на екологистите на Македонија.

## *ИНФОРМИРАНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ НА ГО ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ НА ЛОКАЛНО НИВО*

Клучните институции се во тек со Агендата за глобален развој 2030, меѓутоа резултатите од прашалникот покажуваат дека 63% од ГО се запознаени со процесот на спроведување на ЦОР, додека нешто повеќе од третина (37%) од ГО изјавиле дека не се запознаени со процесот на спроведување на ЦОР.

Најголем дел од организациите (65%) кои се запознаени со процесот, изјавија дека за ЦОР дознале преку кампањите од меѓународните организации, како УНДП, УНИЦЕФ, УНЕСКО и сл. Во отворените одговори, дел од организациите навеле дека иако се запознаени со значењето на ЦОР од меѓународни извори, во Македонија недостасуваат активности за нивна промоција и запознавање и приближување на целите до граѓаните.

**ГРАФИКОН 25.** Дали сте запознаени со процесот на спроведување на Целите за одржлив развој?




На организациите им беа понудени одговори да се изјаснат која од целите најмногу се совпаѓа со нивната област на дејствување. Иако одговорите беа најразновидни, сепак најголем дел (27 ГО) ја избраа цел 16 - да се промовираат мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, да се обезбеди

пристап до правда за сите и да се изградат ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа, а по неа најмногу организации (23) ја избраа цел 4 - да се обезбеди инклузивно и правично, квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите.

Во 2017 г. УНДП започна кампања под хаштагот „ИЈасИмамЦел“ со цел информирање и поттикнување на граѓаните да ги споделат своите заложби во насока на исполнување на целите. Кампањата беше промовирана кон крајот на годината на денот на ОН, а на промоцијата премиерот Зоран Заев и министерот за надворешни работи ги истакнаа своите заложби за остварување на целите преку соработка на сите влади, меѓународни организации, граѓанското општество, медиумите и граѓаните[116].

## *КОНСУЛТАЦИИ И ИНТЕРАКЦИЈА СО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ЗА ЦОР*

Во текот на 2017 година УНДП и Канцеларијата на заменик-претседателот на Владата на Република Македонија организираа работилница за консултирање на граѓанските организации за подготвената анализа на јазови на националното законодавство и ЦОР. Сепак, учеството на ГО беше недоволно, имајќи предвид дека не беше објавен јавен повик за учество на работилницата, туку беа испратени директни покани до организациите. Овие чекори се косат со принципите на ЦОР и мотото „Никој не смее да биде запоставен“.

Според одговорите на организациите на прашалникот, повеќе од половина (60%) од ГО кои се на некој начин вклучени во реализација на ЦОР, немале можност за интеракција со државните институции, потоа четвртина (25%) одговориле дека не сакаат да имаат интеракција, додека 17% спроведувале проекти и активности заедно со државните институции поврзани со ЦОР. Една организација, на сопствена иницијатива во периодот 2016-2017 соработувала со МТСП во насока на градење на капацитетите на меѓуресорското тело за родова еднаквост за важноста на ЦОР и родовите прашања. Соработката вклучувала спроведување обуки и подготовка на документ за јавни политики.

116 Сител (2017) Одбележан „Денот на ОН“: Владината програма реформска, ќе се исполнуваат целите за одржлив развој; Достапно: https://goo.gl/ZYJxt1.

**ГРАФИКОН 26.**
Каква е интеракцијата на ГО со државните институции околу Целите за одржлив развој?




## *ТИП НА АКТИВНОСТИ НА ГО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦОР*

Организациите кои се запознаени со процесот на спроведување на ЦОР (вкупно 60) беа прашани за типот на активности кои тие ги спроведуваат кои би може да ги идентификуваат како активности кои тематски придонесуваат за реализацијата на ЦОР. Имено, тие одговориле дека придонеле главно преку едукација и информирање (28%) и промоција на вредностите (22%), како и 13% активности за јакнење на капацитети.

**ГРАФИКОН 27.**
Дали од донесувањето на Целите за одржлив развој во 2015г. сте имале активност која тематски придонела кон нивна реализација и на кој начин?



**ПРЕПОРАКИ**

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

- Одговорните ОДУ, Канцеларијата на заменик-премиерот за економски прашања и МНР да организираат широки консултации со граѓанските организации за подготвениот извештај на крај од 2016 година врз основа на анализата на јазови за секој ЦОР во релевантните национални политики и акциски планови;
- Ревидирање на досегашните постигнувања, мандатот и составот на Националниот совет за одржлив развој со цел негово унапредување и вклучување на поголем број на претставници на граѓански организации (засега само еден претставник, директно именуван од Влада);
- Покрај Националниот совет, на партиципативен начин неопходно е да се разгледа можноста за утврдување на механизам за консултации и соработка меѓу институциите и различни чинители (граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и поширока јавност);
- Клучните институции потебно е редовно да соработуваат со граѓанските организации за ЦОР и заеднички да делуваат кон мобилизирање на средства и кон реализација на мерките предвидени во новата стратегија на Македонија со ОН 2016-2020 „Партнерство за одржлив развој";
- Клучните институции потребно е да ја следат реализацијата на ЦОР и да вклучуваат граѓански организации во прибирањето податоци за состојбите на терен и мониторинг на постигнувањата;
- Собранието на РМ потребно е да ја разгледа можноста за воспоставување на собраниска група заедно со ГО со цел дискутирање на прашања кои се однесуваат на Агендата 2030.
- Разгледување на целисходноста за постоењето на две клучни институции за спроведување на Агенда 2030, т.е. Канцеларијата на вице-премиерот и МНР. Имено ваквата поставеност треба да биде во насока на обезбедување на државни службеници со длабинско познавање на ЦоР, зголемување на ефективноста на Националниот совет, соработката со ОН, и меѓу-министерската координација и координација со останатите чинители;
- ОДУ да спроведат информативни активности во соработка со граѓанските организации и ОН за подигнување на свеста и знаењето на граѓанските организации за ЦОР;
- Вклучување на ГО, заедно со владата и другите чинители во консултации во регионални, во европски и во глобални процеси кои се однесуваат на глобалната Агенда 2030;
- ГО потребно е поактивно да бидат вклучени во следењето на заложбите на Владата преку подготвување на извештаи во сенка. Во рамки на своите активности тие може да подготвуваат тематски прегледи за прашањата каде што недостасуваат статистички податоци, како и да воспостават соработка со клучните чинители на национално ниво;
- ГО да го следат тековниот процес на локализација на ЦОР на национално ниво (степенот на детали на достапните податоци, достапност на податоци за следење според индикаторите, поставување приоритети, вклученост на граѓаните).

# ПРИЛОГ 1

## БИБЛИОГРАФИЈА


Special report on identified and possible crimes committed during the violent attack on the Assembly on 27april 2017” Helsinki Committee For Human Rights of The Republic od Macedonia May 05th 2017, Достапно на: https://goo.gl/Hvoq75.

Резолуција на Европскиот парламент од 14 јуни 2017 година за Извештајот на Комисијата за Република Македонија од  2016 година (2016/2310(INI)) Достапно на: https://goo.gl/ia7TCU.

Државен завод за статистика (2017) Одржлив развој, 2017; Достапно на: https://goo.gl/EKQUFc.

ЗНМ (2017) Примена на законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари; Достапно на: https://goo.gl/jxcKYA.

ИДСЦС, ЦЕА (2017) Јавноста, сведок и учесник во создавање на законите; Достапно на: https://goo.gl/Bgv97V;

Конект (2017) Анализа на Законот за сметководство на непрофитни организации;

МЗМП, ИЧП, Коалиција Сите за правично судење (2017) Како до подобра законска регулатива која ќе ги заштити граѓанските организации од арбитрарни инспекции и контроли во областа на даночното работење; Достапно на: https://goo.gl/jnuRCV;

МЦМС (2016) Да се запре изборот на претставници во Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; Достапно на: https://goo.gl/gAVT0T.

МЦМС (2017) Каков Совет за соработка им треба на граѓанските организации? Достапно на: https://goo.gl/jFZKmG.

НВО Инфо Центар (2017) „Десоросоизацијата“ во медиумите, Мониторинг на 16 медиуми, март – ноември 2017; Достапно на: https://goo.gl/dngMYD

Огненовска, С., (2015). Документ за јавни политики: Извештај за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јуни 2012 – декември 2014; Достапно на: https://goo.gl/2uYUhp.

Огненовска, С., (2016) Директно буџетско финансирање: основен преглед; МЦМС, Достапно на: https://goo.gl/wMV

Огненовска, С., Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво (2017), МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/n4AU7r.

Огненовска, С., Папа, А., (2017) Суштествена вклученост на граѓанските организации во „Целите за одржлив развој“ на Обединетите нации; МЦМС; Достапно на: https://goo.gl/MsFfPL

Патоказ за развој на граѓанското општество 2018-2022; Достапно на: https://goo.gl/yuX6Ra.

Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи (2017) Достапно на: https://goo.gl/dXcrEt;

ТАКСО (2017) Извештај: Интернет-присуство на граѓанските организации; Достапно на: https://goo.gl/EGHp3E

Буџет на Република Македонија за 2018 г. (Службен весник на Република Македонија бр. 196/18).

Закон за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15).

Закон за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11, 135/11, 79/13, 13/14, 11214, 129/15).

Закон за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15).

Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 77/2016, 94/2016, 138/2016, 6/2017).

Закон за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05).

Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/10 и 135/11).

Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011,51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014,61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016).

Закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 191/16). Секоја година се усвојува нов закон, во овој извештај се осврнуваме само на законот за 2017 година.

Закон за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/1995, 19/2006, 66/2007 и 152/2015).

Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/2016 и 193/2016).

Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

Закон за менување и дополнување на Законот за полицијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15).

Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11).

Закон за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ број 80/1993, 70/1994, 71/1996, 28/1997, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17).

Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/105).

Закон за следење комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/06, 110/08, 116/12).

Закон за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015).

Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2013, 43/2014 и 153/2015).

Здружение на новинарите на Македонија 2017, Извештај Случаи на повреда на правата на новинарите, Достапно на https://goo.gl/bhWWbw

Влада на РМ (2017) Јавен повик за формирање совет за соработка и развој на граѓанскиот сектор; Достапно на: https://goo.gl/is7zu8.

Деловник за работа на Владата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 ).

Кодекс на добри практики за учество на граѓанското општество во процесот на подготовка на политики за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/11).

Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 130/07).

Методологија за процена на влијанието на регулативите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/13).

Министерство за информатичко општество и администрација (2017) Среднорочен извештај за самооценување. Акциски план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година; Достапно на: https://goo.gl/XBfpwe.

Национална стратегија за одржлив развој (2010) Достапно на: https://goo.gl/Uxa4ZJ.

Одлука за престанување на важење на Одлуката за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 26/2001, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 27/2014, 139/2014, 196/2015 и 142/2016)

Одлука за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации; Достапно на: https://goo.gl/sZoDVy;

Одлука за формирање национален совет за одржлив развој („Службен весник на РМ“ 8/10);

Одлука за формирање совет за соработка и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 15/13, 139/14, 195/15, 142/16 и 164/17) Достапна на: https://goo.gl/5YrqHp.

Правилник за начинот на спроведување на даночните ослободувања од плаќање на ДДВ за продажба на добра и услуги наменети за спроведување проект кој е финансиран со средства добиени врз основа на договор за донација потпишан меѓу Република Македонија и странски донатори каде се одредува дека добиените средства нема да се користат за плаќање даноци („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/14).

Правилник за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот на државната евиденција („Службен весник на РМ“, број 2/08, 39/10, 13/11, 9/12 и 101/14).

Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 117/05 и 11/06).

Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 117/05 и 11/06).

Правилник за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 42/03, 8/09, 12/09 и 175/11).

Правилник на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 36/08).

Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2017 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и за унапредување на спортот во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија 192/16);

Програма за финансирање на програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15 ,154/15, 23/16, 178/16 и 18/17); Достапна на: https://goo.gl/ubr8pS;

Програма за финансирање програмски активности на здруженијата и фондациите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 4/13).

Одделение за соработка со невладини организации (2017) Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година. Достапно на: https://goo.gl/Y1C9MK;

Одделение за соработка со невладини организации (2017) Предлози од граѓански сектор. Достапно на: https://goo.gl/QurfiU;

Влада на Република Македонија (2012) Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) [интернет] Скопје, Влада на Република Македонија. Адреса: http://goo.gl/vv3xNg

Влада на Република Македонија (2012) Стратегија за соработка на владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) [Интернет] Скопје, Влада на Република Маједонија. Адреса: https://goo.gl/S8dtJh;

Влада на РМ (2017) Соопштение: Владата донесе одлуки со кои, помага на земјоделци спречува злоупотреби на буџетски пари и ќе го заштити меѓународниот углед на Македонија; Достапно на: https://goo.gl/rzv6af;

Министерство за внатрешни работи (2017) Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2017 г.

Министерство за внатрешни работи(2018) Затворена обработката на невладините организации, не се констатирани неправилности. Достапно на: https://goo.gl/pJgros

Министерство за култура (2017) Доаѓа нов културен бран; Достапно на:https://goo.gl/R8sqLV

Одделение за соработка со НВО (2016) Мрежа на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор. Адреса: https://goo.gl/YUaKJn;

Одделение за соработка со невладини организации (2017) Консултации за подготовка на нова Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020; Достапно на: https://goo.gl/Eb2LbT;

Одделение за соработка со невладини организации (2017) Финансиска поддршка; Достапно: https://goo.gl/i9bh2x;

Одделение за соработка со невладините организации (2017) Извештај за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата 2012–2017; Достапно на: https://goo.gl/BTGbX4

Global Voices Ad vox (2017) Macedonia’s Ruling Party Is Draining Civil Society Groups’ Time—and Money; Достапно на: https://goo.gl/w3DU9v;

Академик (2017) Објавени предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; Достапно на: https://goo.gl/1T9UaM.

Либертас (2017) Протестен марш во Тафталиџе; Достапно на: https://goo.gl/oTdHnR

Макфакс (2017) „За заедничка Македонија“ не гледа причина од присуство на полиција на протестите; Достапно на: https://goo.gl/2FHRrJ.

Макфакс (2017) Кои се невладините кои добија милионски суми од владата на ВМРО-ДПМНЕ? Достапно на: https://goo.gl/rm7FpS;

МКД (2017) Протест во Аеродром: Коневски ја претвори општината во хаотична и загадена населба; Достапно на: https://goo.gl/oytzS8

Нова ТВ (2017) Професорот Шкариќ за рудниците: Ерупција на локалните референдуми; Достапно на: https://goo.gl/L7yu1d

Позитив.мк (2017) Политика Невладината „Јасна иднина“ ќе ја тужи новата влада; Достапно на: https://goo.gl/RXCKGc;

Радио МОФ (2017) Владата дала 800.000 евра на НВО-а за кои и на Гугл му е тешко да ги најде; Достапно на: https://goo.gl/fC5vEJ

Радио Слободна Европа (2017) Втор повик до институциите од децата со посебни потреби; Достапно на: https://goo.gl/CRXDHE;

Сакам да кажам (2017) Обвинителството на Зврлевски побара од МВР да уапси 15 насилници од нападот во Собранието; Достапно на: https://goo.gl/uHJp41.

Сител (2017) Одбележан „Денот на ОН“: Владината програма реформска, ќе се исполнуваат целите за одржлив развој; Достапно: https://goo.gl/ZYJxt1.

# ПРИЛОГ 2

## ЛИСТА НА ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ОДГОВОРИЛЕ НА Е-ПРАШАЛНИКОТ

1. Здружение за заштита и унапредување на животната средина Еко-Живот, Кавадарци
2. Здружение „Надеж Норе“ од Македонска Каменица
3. Здружение за заштита и едукација на деца и млади роми Прогрес - Скопје
4. Здружение за Рурален Развој Локална Акциона група Преспа Ресен
5. Здружение на граѓани ЕКОВИТА
6. Зрак во темнина
7. ЗЗП Агросојуз-Василево
8. Здружение за давање услиги на лицата со попреченост ХЕНДИМАК - Тетово
9. Детска Амбасада за Сите Деца во Светот, Меѓаши
10. Организација на жените на Пехчево
11. Културно здружение Отело, Гостивар
12. Форум на млади
13. Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес , Градско и Чашка Мобилност Велес
14. Здружение на Албанска жена - Кичево
15. АДКОМ - Здружение на даватели на комунални услуги во Р. Македонија
16. Граѓанска асоцијација Битола
17. Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен
18. Здружение на Роми, Авена
19. Здружение на граѓани за промовирање и заштита на културните и духовните вредности Легис Скопје
20. Здружение за Церебрална парализа од Тетово
21. Регионално географско друштво Геосфера - Битола
22. Здружение за Заштита на правата на детето
23. Мултикултура
24. Здружение за советување, лекување, реинтеграција, ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци- Избор Струмица
25. Здружение на производители на органска храна Биовита - Кавадарци
26. Хуманитарно здружение за помош и подршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“ Делчево
27. Центар за информативна и логистичка поддршка на граѓаните Нов Контакт - Скопје, Македонија
28. ГАУС Институт - Фондација за нови технологии, иновации и трансфер на знаење
29. Здружение за унапредување на општесвените и економски дејности Ергос - Скопје
30. Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен работник
31. Здружение за рурален развој Еко Апикултура Дебар
32. Сојуз на дефектолози на Република Македонија
33. Здружение Инвентивност Радовиш
34. Македонско Монтесори Здружение
35. Здружение на пензионери Надеж-Центар, Скопје
36. Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје
37. Здружение на земјоделски производители „Агропродукт“ - Штип
38. Здружение за социјални иновации и одржлив развој Радар
39. Организација на жени Радика
40. Невладина организација КХАМ од Делчево
41. Здружение на новинарите на Македонија
42. Здружение Институт за истражувања и развој на Југоисточна Европа ИИРЈЕ Охрид
43. Здружение на граѓани Велес Бајкинг Велес
44. Здружение на агроекономистите на Република Македонија
45. Организација на жените „Кумановка“ од Куманово
46. Здружението на професори по географија на Македонија „Проф. Д-р. Љубе Миленковски“- Скопје
47. Здружение Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН)
48. здружение МАЦЕФ-Центар за енергетска ефикасност на Македонија Скопје
49. Фондација НВО Инфоцентар СКопје
50. Мултиетничко здружение „Флоренс Најтингејл“

51. Здружение Центар за интеркултурен дијалог
52. Здружение Транспарентност Македонија Скопје
53. Здружение Центар за одржлив развој ан заедницата Дебар
54. Еколошко друштво Планетум - Струмица
55. Здружение на граѓани 6-та Ѕвезда
56. Полио Плус - пост полио група за поддршка
57. Здружение на граѓани Македонска Асоцијација на Дадилки
58. Хелтгрупер Самит
59. Сојуз - Национален совет за родова рамноправност
60. Здружение на жени -Житоше -Житоше
61. УСК  Даме Груев-Стоби  Градско
62. ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани
63. Алијанса на Професионални Таттоо и Пирсинг Артисти во Македонија / АПТПА Македонија
64. Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје
65. Младинска Асоцијација ИМКА Битола
66. Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон - Скопје
67. Здружение на студенти на Шумарски факултет во Скопје - ДРЕН
68. ПЕД  Церн Камен 2257 Вевчани
69. Организација ОРТ обука за одржлив развој Скопје
70. Здружение за Едукација и Заштита на Собирачи на Секундарен Отпад ЗЕУР Скопје
71. Младински Сојуз - Крушево
72. Невладина органозација Етно центар БАЛКАНИКА
73. Здружение на Ромите Черења Штип
74. Карневалска група - Сопот Тиквеш
75. Здружение на угостители, туристички работници и занаетчии НАПРЕДОК
76. Здружение Тренинг центар за личен развој, комуникација и советување ЛУНА ТРИНИТИ Прилеп
77. Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје
78. Здружение Лифестарт-растеме и учиме заедно Битола
79. Центар за развој на заедницата Кичево
80. Клуб за математика физика и информатика Марија Кири
81. Планинарско еколошко друштво “Аргентус моунт“,Тетово
82. ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување
83. Здружение на самохрани родители Скопје
84. Сојуз Национален млаиднски совет на Македонија
85. Совет за превентива против малолетничка деликвенција
86. Лулка - Здружение за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца Скопје
87. Асоцијација за интернационална мобилизација
88. Здружение за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните Круна плус Радовиш
89. Здружение Граѓански центар за одржлив развој ЕГРИ
90. Егзодус, здружение на граѓани за проучување на проблемитр на современото општество.
91. Еколошко друштво „Здравец 2002“
92. Здружение-Балкански институт за регионална соработка БИРС
93. Новинари за човекови права
94. Здружение за еднаква застапеност на лица со посебни  Потреби во медиумите СОС Балкан Медиа Охрид
95. Здружение за медиумска писменост Планет-М Скопје
96. Здружение Ромска организација на жени од Македонија ДАЈА
97. Здружение на педагози и психолози Велес
98. Здружение на граѓани „Нови перцепции“ - Битола
99. Здружение на агроновинари Медиа Плус
100. Ромско Хуманитарно здружение на жени КХАМ
101. Подружница на Европската Асоцијација за Локална Демократија (АЛДА) Скопје
102. Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје
103. А.Б.А.Т.  БАЛКАНИЈА  Скопје  -  Балканска Асоцијација за  Алтернативен Туризам
104. Хуманитарна организација „Humanitare Kalliri i Miresise“
105. Еколошко друштво „Виножито„ Штип
106. Регионален центар за демократија - Медијатор,Кавадарци

107. Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје
108. Здружение Досер Глобал Битола
109. Здружение Целор - Центар за Локален Развој, Радовиш
110. Отворени забавни фудбалски школи подружница Скопје, Македонија
111. Центар за детска и младинска иницијатива „Виделина“
112. Транспаренси Интернешнл-Македонија
113. Здружение Национален Ромски Центар
114. Здружение Мировна акција
115. Фондација за развој на локалната заедница Штип
116. Здружение за меѓугенерациска солидарност ДОБЛЕСТ
117. Е П Ц-Еко промотивен центар Г.Г. Дедо Доситеј с.Маврово,Маврово и Ростуша,
118. МАКС - Македонска Асоцијација за квалиет во настава по странски јазици
119. Форум за Авангардна Креативност - Прилеп
120. Здружение на млади аналитичари и истражувачи, ЗМАИ Скопје
121. Асоцијација за развојни иницијативи - Зенит Скопје
122. Извиднички одред „Димитар Влахов“ Велес
123. Здружение на финансиски работници на локална самоуправа и јавни претпријатија
124. Институт за социолошки истражувања и одржлив развој
125. Еколошко друштво Роса
126. Здружение за безбедност на вода и планина Македонски спасител, Велес
127. Центар за економски политички, анализи и консалтинг ЦЕПАК
128. Здружение на граѓани Ротари клуб Камен Мост Скопје
129. Институт за европска политика - Скопје
130. Драмски Аматерски Фестивал на Македонија-Кочани
131. Женска граѓанска иницијатива „КЛЕА“ Битола
132. ЗЖ СИРМА
133. Планинарско горскоспасително друство АВА КОТА 1050 Новаци
134. Куќа на надежта Ленче Здравкин
135. Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“
136. Друштво на физичарите на Република Македонија (ДФРМ)
137. Средно општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка
Училишен спортски клуб „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СПОРТ“
138. Фондација за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија
139. Здружение на уметници Македонски центар на Интернационален Театарски Институт/ ПРОДУКЦИЈА, Скопје
140. Форум з истражување на безбедносни политки Секуритас
141. Здружение за креирање и развој на даночната политика Центар за даночна политика Скопје
142. Здружение за индивидуален, организациски и општествен развој Раст и Развој, Скопје
143. Алпинистички клуб Плоча, Радовиш
144. Здружение на граѓани за мотивација и развој на комуникации Дијалог Скопје
145. Црвен крст на Р.Македонија-Црвен крст на град Скопје
146. Ловачко Друштво ДРЕНИ
147. Ејнџелкетс Скопје
148. Центар за бизантолошки студии-Скопје
149. Здружение за регионална промоција 22 Нентори
150. Здружение Јустиција
151. Здружение на граѓани за унапредување на културата, екологијата и спортот Вип Култура
152. Центар за култура и информации РАВЕН - Пехчево
153. Здружение за културна соработка Интеркултура
154. Центар за управување со промени
155. Центар за едукација и развој
156. Информативен Центар на Заедницата-Куманово,Куманово (ИЦЗ-К)
157. Здружение против дискриминација Женска солидарност, Ресен
158. Здружени на граѓани Интерактивна мрежа за образование и ресурси - ИМОР
159. Здружение на граѓани „Младински образовен форум“
160. Фондација Импакт Нет - лидери во мисија за мир, слобода и просперитет
161. Здружение за економско истражување и развој Прогрес плус Скопје

# ПРИЛОГ 3.

## СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА Е-ПРАШАЛНИКОТ

| СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ | % |
|---|---|
| **Позиција во организацијата** | |
| Претседател | 57% |
| Директор | 13% |
| Раководител на сектор | 3% |
| Проектен координатор | 15% |
| Проектен асистент | 2% |
| Друго | 11% |
| **Тип на здружување на организацијата** | |
| Здружение | 93% |
| Фондација | 3% |
| Сојуз | 2% |
| Организациски облици на странски организации во Република Македонија | 1% |
| Друго | 1% |
| **Примарно поле на дејствување** | |
| Добро владеење (демократија, човекови права, владеење на правото) | 12% |
| Меѓународни односи и европски интеграции | 1% |
| Стари лица | 1% |
| Децентрализација | 0% |
| Лица со посебни потреби | 4% |
| Развој на граѓанското општество | 5% |
| Жени и родови прашања | 7% |
| Вработување | 1% |
| Меѓуетнички односи | 3% |
| Животна средина и природни ресурси | 12% |
| Миграции | 1% |
| Образование, наука и истражувања | 12% |
| Култура | 6% |
| Здравје и здравствена заштита | 5% |
| Деца, младинци и студенти | 14% |

| СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ | % |
|---|---|
| **Локација** | |
| Скопје | 41% |
| Надвор од Скопје | 59% |
| **Број на вработени лица** | |
| Нема вработени лица | 58% |
| 1 | 10% |
| 2-5 | 24% |
| 6-10 | 6% |
| 11-20 | 1% |
| 21-50 | 1% |
| **Волонтери** | |
| Сте немале волонтери | 15% |
| 1-5 | 37% |
| 6-10 | 19% |
| 11-20 | 17% |
| 21-30 | 5% |
| 31-40 | 3% |
| 41-80 | 2% |
| Повеќе од 81 | 3% |
| **Годишен приход за 2017 година во ЕУР** | |
| Повеќе од 5.000 ЕУР | 43% |
| 5.001-10.000 ЕУР | 13% |
| 10.001-50.000 ЕУР | 21% |
| 50.001-100.000 ЕУР | 9% |
| 100.001-500.000 ЕУР | 13% |
| 500.001-1.000.000 ЕУР | 3% |
| Повеќе од 1.000.000 ЕУР | 0% |